Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбови
и одржување урбана опрема на територијата
на Општина Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбовии одржување урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/7 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), во врска со член 5 став 1 точка 10 во врска со член 7 став 3 од Законот за комунални дејности („Службен весникна Република Македонија” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16,64/18 и „Службен весник на РСМ” бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Службен гласник на општина Кавадарци“ бр.4/17, 65/20, 13/22, 15/22, 41/23 и 70/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

П Р О Г Р А М А
за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување на урбана опремана територијата на Општина Кавадарци за 2026 година

Член 1

Вовед

Со оваа програма се предвидува редовно и инвестиционо одржување на сообраќајните знаци, столбовите (сообраќајна сигнализација) на улици и општински патишта и урбаната опрема на територијата на општина Кавадарци за 2026 година.

Целта на програмата е поставенитезнаци, столбовите (сообраќајна сигнализација) на улици и општински патишта како ипоставената урбана опрема на територијата на општина Кавдарци редовно да се контролира,заменува и одржува (редовно и инвестиционо), со цел непречено функционирање на сообраќајот и останатите активности во општината.

Член 2

Активности

Со програмата се предвидува поставување на сообраќајни знаци, столбови, фунадаменти и останата заштитана опрема во сообраќајот, како и поравка на опремата која што е оштетена.

Оваа програма исто така го опфаќа одржувањето на урбаната опрема на сите детски игралишта, спортски игралишта, патеки и на сите останатите простори (локации) низ градот каде што е поставена. Со неа се предвидува замена на оштетени елементи од урбаната опрема, нејзино фарбање и останати работи со цел да може истата безбедно да се употребува.

Потребно е да се врши редовна контрола на сите локации каде што има поставено урбана опрема и сообраќајни знаци и столбови со цел навремено одржување.

Член 3

Финансирање

Средствата планирани за редовно и инвестиционо одржување на сообраќајните знаци, столбовите (сообраќајна сигнализација) на улици и општински патишта и урбаната опрема на територијата на општина Кавадарци за 2026 година, изнесуваат 1.000.000 денари со вклучен и пресметан ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарциво Програмата за комунални дејности.

Член 4

Мониторинг

Надзорот над реализацијата на Програматаза одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци,ќе го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби и комуналната инспекција.

Член 5

Завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ке се применува од 01.01.2026 година, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

Спецификација за одржување на сообраќајни знаци и столбови		
Реден број	Опис	Единечна мерка
1	Транспорт и монтажа на нови сообраќајни столбови.	парче
2	Транспорт и монтажа на нови сообраќајни знаци.	парче
3	Ископ и бетонирање на фундамент за метален столб (20x20x40)	парче
4	Фарбање на метален столб со соодветна заштитна боја	парче
5	Набавка транспорт и поставување на заштитни метални столбчиња со анкери за во бетон, комплет со ископ и бетонирање на темелче	парче
6	Транспорт и поставување на заштитни метални столбчиња со анкери за во бетон, комплет со ископ и бетонирање на темелче	Парче
7	Набавка транспорт и поставување на заштитни метални столбчиња со типли и заврток и за во бетон	парче
8	Транспорт и поставување на заштитни метални столбчиња со типли и заврток и за во бетон	парче
9	Фарбање на заштитни метални столбчиња	
10	Поправка на заштитни метални столбчиња со повторно бетонирање, комплет со ископ и бетонирање на темелче	парче
11	Поправка на заштитни метални столбчиња со повторно прицврстување со наварување и анкерисување со заврток за во бетон	парче
12	Поправка на сообраќајни столбови, со нивно сечење и наварување.	парче

13	Поправка на сообраќајни знаци, со повторно прицврстување и наварување	парче

Спецификација за одржување на урбана опрема		
Реден број	Опис	Единечна мерка
1	Набавка, транспорт и монтажанаметалнипрофили, оштетениделовиодклупа, детскииграчки, ограда и останатаурбанаопрема	кг
2	Набавка, транспорт и монтажа на ладно валан лим за автобуски постојки, клупи, канти за отпадоци и друга урбана опрема	$м^2$
3	Монтажа и одржување на нова урбана опрема комплетсофарбањесозаштитнабоја	
3.1	-Металнопостољенакорпазаотпадоци	парче
3.2	-Централенделнакорпазаотпадоци	парче
3.3	-Внатрешен дел од корпа за отпадоци (лим)	парче
3.3	-Металнипоцинкованиланциодлулашка	м
3.4	-Јаже за лулашка	м
3.5	-Дрвенидаскизаклупа 180x7x5	парче
3.6	-Дрвенидаскизаклупа 47x5x4	парче
3.7	-Дрвенидаскизалулашки	парче
3.8	-Комплет седиште за лулашка	парче
3.9	-Комплет седиште за клацкалка	парче
3.10	-Штрафови М6	парче
3.11	-Штрафови М8	парче
3.12	-Штрафови М10	парче
3.13	-Штрафови М12	парче
4	Фарбање со заштитна боја на урбана опрема	
4.1	Клупа	парче
4.2	Корпа за отпадоци	парче
4.3	Детски играчки и реквизити	парче
4.4	Автобуска постојка	парче
5	Набавка, транспорт и монтажанаисполнасоплетиво, фиксиранадомаксималназатегнатост, сометалнипоцинкованистеги	
5.1	Тип 1 (бигувано плетиво)	$м^2$
5.2	Тип 2 (универзално жичано плетиво)	$м^2$
5.3	Тип 3 (пластифицирано челично плетиво)	$м^2$
6	Демонтажа, утовар и транспорт на целосно	парче

	оштетена и искршена урбана опрема. (клупа,корпа заотпадоци,канделабра, ограда иостаната урбана опрема)	
7	Дислокација на урбана опрема	парче
8	Заменанаплексигласкаоделовиодурбанаопрема	$м^2$
9	Замена на лексан како дел од урбана опрема д=4мм	$м^2$
10	Замена на лексан како дел од урбана опрема д=10мм	$м^2$
11	Замена на водоотпорна иверка како дел од урбана опрема	$м^2$
12	Транспорт и монтажанабина	бр.
13	Демонтажа и транспортнабина	бр.
14	Набавка, транспорт и монтажанаметалнаоградасовисинаод 1м соракохват, комплетсофарбањесозаштитнабоја.	
14.1	20x20x3	м
14.2	25x25x3	м
14.2	30x30x3	м
14.3	30x50x3	м
14.4	40x40x3	м
14.5	50x50x3	м
14.6	50x50x3	м
14.7	60x40x3	м
14.8	60x60x3	м
14.9	70x70x3	м
15	Набавка, транспорт и монтажа на метални столбови за ограда	
15.1	20x20x3	м
15.2	25x25x3	м
15.3	30x30x3	м
15.4	30x50x3	м
15.5	40x40x3	м
15.6	50x50x3	м
15.7	60x40x3	м
15.8	60x60x3	м
15.9	70x70x3	
16	Набавка,транспорт и вградување на гумена подлога за детски игралишта	М2
17	Вградување(санирање) на постоечка гумена	М2

	подлога за детски игралишта	

Бр.08-5977/7 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за обележување на сообраќајници со
полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки,
паркинзи и други обележја за регулирање на
сообраќајниот режим на територија на
Општина Кавадрци за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режим на територија на Општина Кавадрци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/8 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 5 став 1 точка 10 и член 7 став 3 од Законот за комунални дејности („Службен весникна Република Македонија” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16,64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Службен гласник на општина

Кавадарци“ бр.4/17, 65/20, 13/22, 15/22, 41/23 и 70/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

ПРОГРАМА
за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата на Општина Кавадарци за 2026 година

Член 1

Вовед

Со оваа програма се предвидува редовно одбележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на општина Кавадарциза 2026 година.

Целта на програмата е постојните линии на сообраќајницте редовно да се обновуваат, како и да се обележуваат сите потребни нови линии со цел непречено и безбедно функционирање на сообраќајот на улиците и општинските патишта на подрачјето наопштина Кавадарци.

Член 2

Активности

Со програмата се предвидува маркирање и обоележување на сите потребни линии на сообраќајниците, пешачките премини, постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на општина Кавадарци за 2026 година.

Член 3

Финансирање

Средствата планирани за одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во општина Кавадарци за 2026 година изнесуваат 7.000.000 денари со вклучен

ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци во Програмата за комунални дејности.

Член 4

Мониторинг

Надзорот над реализацијата на Програмата за одбележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта на територијата на Општина Кавадарци, ќе го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби и комуналната инспекција.

Член 5

Завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ке се применува од 01.01.2026 година, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

Спецификација за обележување на хоризонтална патна сигнализација		
Реден број	Опис	Единечна мерка
1	Маркирање на линија	м
2	Обележување на надожни линии (полни и испрекинати)	м
3	Обележување на пешачки премин	м2
4	Обележување на стоп линија	м2
5	Обележување на Х- знаци за предупредување	м2
6	Обележување на насочни стрелки-еднострани	бр.
7	Обележување на насочни стрелки-двострани	бр.
8	Обележување на тријаголник за предупредување	бр.
9	Обележување на шрафирани површини (со полна линија)	м
10	Обелешување на рабници	м
11	Обележување на разделни острови	м2
12	Обележување на паркинг места	бр.
13	Обележување на Х-знаци за забрането паркирање	бр.

14	Обележување на автобуско стојалиште, комплет со ознаки	бр.
15	Обележување на ознака ШКОЛО	бр.
16	Обележување на место за Тахі, комплет со ознаки	бр.
17	Обележување на место за инвалиди, комплет со ознаки	бр.
18	Обележување на место за електрични возила, комплет со ознаки	бр.
19	Обележување на место за резервиран паткинг, комплет со ознаки	бр.
20	Обележување на хуманитарен и еколошки паркинг, комплет со ознаки	бр.
21	Поставување на ладна пластика	м2

Материјали за обележување хоризонтална патна сигнализација		
Реден број	Опис	Единечна мерка
1	Боја за обележување: бела, жолта, црвена, црна, сина, зелена	кг
2	Стаклен перлит	кг
3	Разредувач	кг
4	Ладна пластика	кг

Бр.08-5977/8 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за одржување на јавното
улично осветлување на територијата
на Општина Кавадарци за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за одржување на јавното улично осветлување на територијатана Општина Кавадарци за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/9 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 5 став 1 точка 11 и член 7 став 3 од Законот за комунални дејности („Службен весникна Република Македонија” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16,64/18 и „Службен весник на РСМ” бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Службен гласник на општина Кавадарци“ бр.4/17, 65/20, 13/22, 15/22, 41/23 и 70/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

ПРОГРАМА
за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2026 година

Член 1

Вовед

Со оваа програма се предвидува редовно одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци, финансирање и управување како и надзор над горенаведените работи.

Целта на програмата е да се обезбеди редовно одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци со што ќе се овозможи поквалитетна средина за живеење и постојана осветленост на градот без никакви пречки во животната средина и природата.

Член 2

Активности

Програмата ги опфаќа сите градежни, градежно - занаетчиски, електормонтерски и дополнителни работи за функционирање на

мрежата за јавното улично осветлување. Односно со програмата се предвидува демонтажа, монтажа и поправка на столбови, електрични кабли, светилките и другите електрични елементи на целататериторија на Општина Кавадарци.

Член 3

Финансирање

Средствата планирани за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2026 годинаизнесуваат 3.000.000 денари со вклучен и пресметан ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци во Програмата за комунални дејности.

Член 4

Мониторинг

Надзорот над реализацијата на Програмата за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби .

Член 5

Завршни одредби

Програмата влегува сила со денот на донесување, а ке се применува на ден 01.01.2026 година, и ќе се објави во „Службен гласик на Општина Кавадарци".

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ 2026 година

рб	опис	единечна мерка
	Градежни работи	
1	Ископ на земја од III и IV категорија за темели на столбови	m3
2	Ископ на земја од III и IV категорија со димензии до 0,4x0,8m за полагање на доводни и разводни кабли, FeZn трака, лента, штитници, со повторно затрупување	m3
3	Ископ на земја за отвор со длабочина до 120см, за поставување на дрвен столб или анкер, со вклучено затрупување	број
4	Правење на засеци во земја до потребна длабочина поради лоцирање на дефект во подземна мрежа, и повторно затрупување	број
5	Сечење на асфалт или бетон, со длабочина	m

	до 10 cm	
6	Кршење на дел од оштетен фундаментот	број
7	Бетонирање со бетон МБ30 на фундамент за метален столб со вклучено шаловање и монтажа на анкер корпа и пластични цевки (не се вклучени во цената)	m3
8	Бетонирање со бетон МБ30 на оштетен фундамент за метален столб со вклучено шаловање	број
9	Бетонирање на искршени површини со дебелина до 10cm	m2
10	Асфалтирање на искршени површини со дебелина до 10cm	m2
11	Набавка и вградување на ситен песок 10 cm под и 10 cm над кабелот	m3
12	Набавка и вградување на тампон од дробен камен со набивање во слоеви од по 30 cm	m3
13	Вадење на бехатон плочки и нивно повторно редење	m2
	Електромонтерски работи	
14	Лоцирање на дефект во подземен кабел во фундамент на метален столб и негово санирање без градежни работи	број
15	Санирање на оштетен бетонски фундамент за метален столб до 12м (вградување на анкер штрафови, заварување) без бетонирање	број
16	Поставување на енергетски кабел до 4x16mm2 во ископан ров, со вклучено поставување на заштитни коруби (штитници) и упозорителна лента над каблите. Краевите на кабелот завршуваат преку фундамент во метален столб	m
17	Монтажа на сврзувачка спојка за нисконапонски кабел до 4x25mm2 (комплет)	број
18	Поставување на кабел во гибливо црево ф30mm	m
19	Поставување на поцинкувана челична лента до Фе3н во веќе ископан ров со вклучено поврзување со соодветни вкрстени плочки заради наставување	m

20	Поврзување на поцинкувана челична лента ФеЗн 30x4mm преку вкрстени плочки и парче челична лента ФеЗн со штрафовите за заземјување на столбовите (или со заварување)	број
21	Поврзување на кабелски приклучок во приклучна табла во столб за осветление (по столбно место)	број
22	Монтажа на приклучна табла (ДИН шина, ВС клеми) во метален столб за влез и излез на кабел 4x16 mm2 и излез за кабел 2x1,5 mm2	број
23	Мерење на отпорот на заземјување на метални столбови и издавање атест од овластена фирма (по столбно место)	број
24	Монтажа на метален столб со висина до 5m на готов фундамент, со вклучена монтажа на лира и светлечко тело	број
25	Демонтажа на метален столб до 5м со вклучена демонтажа на лира и светлечко тело, и ослободување на столбот од нн мрежа	број
26	Промена/поправка на светилка (лед светилка, рефлектор, флуо светилка, светлечко тело со заштитна топка) на метален столб (ожичен) до 5м со или без лира, и нејзино поврзување	број
27	Монтажа\промена на кабел (од приклучна табла до светилка) во метален столб до 5м со вклучено поврзување на сите пропратни елементи	број
28	Монтажа на метален столб со висина од 8m до 12m на готов фундамент со вклучена монтажа на лира и светлечко тело	број
29	Демонтажа на метален столб со висина од 8m до 12m со вклучена демонтажа на лира и светлечко тело, и ослободување на столбот од нн мрежа	број
30	Промена/поправка на светилка/рефлектор на метален столб од 8m до 12m со вклучено разврзување и повторно поврзување	број

31	Монтажа/промена на кабел (од приклучна табла до светилка) во метален столб од 8 до 12м со вклучено поврзување на сите пропратни елементи	број
32	Санирање (лоцирање) на дефект на напоен кабел во метален столб со вклучено: преповрзување на проводниците на кабелот на приклучната табла во столбот, кратење и наставување на оштетените проводници, промена на елементи на приклучна табла (вс клеми, осигурувачи)	број
33	Интервенција во метален столб за улично осветлување (паднат автоматски или топлив осигурувач, откачен проводник од приклучна табла)	број
34	Монтажа на заштитен капак на метален столб	број
35	Санирање на оштетен метален столб со висина до 12м, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф150мм, со заварување, брусење, фарбање	број
36	Санирање на оштетен метален столб, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф120мм, заварување, брусење, фарбање	број
37	Санирање на оштетен метален столб, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф60мм, заварување, брусење, фарбање	број
38	Демонтажа на постоечки дрвен столб со вклучен: транспорт на столбот, демонтажа на држач (конзола), светлечко тело, ослободување на столбот од кабелски сноп и од сите пропратни елементи	број
39	Транспорт и монтажа на дрвен столб до 8m во подготвен отвор	број
40	Санирање на оштетен дрвен столб со вклучено поставување на анкер за столбот (без ископ)	број
41	Промена на светилка од/со држач (конзола) на дрвен или бетонски столб	број
42	Демонтажа на светилка со/без држач (конзола) на дрвен или бетонски столб со	број

	вклучено разврзување од мрежа	
43	Монтажа на светилка со/без држач (конзола) на дрвен или бетонски столб и нејзино поврзување на мрежа	број
44	Санирање на дефект на светлосна арматура на дрвен столб или бетонски столб преку промена на елементи на светилката: елементи за спојување, проводник, заштитно стакло, грло со навој Е27, флуо цевка, флуо драјвер, сијалица со навој, до нејзино профункционирање	број
45	Испуштање/промена на самоносечки кабелски сноп (до 2х16мм2) , по столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, до потребна затегнатост со вклучена монтажа на елементите за закачување	број
46	Демонтажа на кабелски сноп/AlFe јаже од столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, со вклучена демонтажа на елементите за закачување	број
47	Затегнување на кабелски сноп/AlFe јаже, по столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, до потребна затегнатост со вклучена монтажа на елементите за закачување	број
48	Отплеткување на заплеткан кабел/AlFe јаже за улично осветлување од мрежата на ЕВН	број
49	Интервенција во ормар за улично осветлување (кревање на автоматски осигурувач\и, ресетирање на систем за управување, промена на ВС клеми, промена на еден или повеќе ножести осигурувачи, промена на автоматски осигурувачи)	број
50	Монтажа\промена на подножје за ножест осигурувач во ормар за улично осветлување	број
51	Монтажа\промена на контактор во ормар за улично осветлување	број

52	Монтажа\промена на сензор\ комплет фотоосетлив контактор (форел) и негово поврзување	број
53	Монтажа на ормар за улично осветлување (на столб, објект или готов фундамент) со вградување на сите елементи и нивно електрично поврзување	број
54	Работен час на електричар\монтер за сите други работи кои не се наведени во спецификацијата	час
	Општи работи	
55	Работен час на возило со платформа за сите други работи кои не се наведени во спецификацијата, а за кои има потреба од користење на истото (во цената треба да е опфатен и работен час на возач на корпа)	час
56	Работен час на лесно\товарно превозно возило	час
57	„Работен час за Приправност на електричар\монтер (понудата се однесува за 1 работник). НЕ ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА ПОВЕЌЕ ОД 10% од цената по работен час на електричар\монтер„	час

Бр.08-5977/9 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за заштита од
штетно дејство на водите

1.**СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за заштита одштетно дејство на водите, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/10 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 122, 123 и 124 од Закон за водите („Службен Весник на Р.М“ бр. 87/08....52/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр.151/21, 99/22 и 3/25) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ
Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита за 2026 година

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Кавадарци од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара

Редбр	Дол или поројница	Површина и должина надолот	Загрозеност		
			Објекти	Инфраструктура	Земјиште
1	Без имен дол кај Ваташа (белкамен)	Fсл. = 45.0 ха L = 370.0 m	5	1 улица	0,1 ха
2	Желков дол	Fсл. = 89.0 ха L = 1500.0 m	10	2 улици 1 мост	0,2 ха
3	Кавадречки дол	Fсл. = 121.0 ха L = 2500.0 m	10	2 улици Подземниото двод	0,2 ха
4	Меснос „УШИ“ Меснос „Вршникот“	Fсл. = 162.0 ха L = 4100.0 m	15	1 улица	0,3 ха
5	Журов дол	Fсл. = 61.0 ха L = 760.0 m	3		0,2 ха
6	Калнички дол	Fсл. = 134.0 ха L = 840.0 m	10	1 улица	0,2 ха
7	Димков дол	Fсл. = 59.0 ха L = 2110.0 m	/	/	0,2 ха
8	Дисански пат	Fсл. = 64.0 ха L = 2400.0 m	/	/	0,1 ха
9	Думовички дол	Fсл. = 55.0 ха L = 2800.0 m	5	2 улици	0,2 ха
10	Глишиќ	Fсл. = 9.0 ха L = 1500.0	5	2 улици	0,1 ха

		m			

Чистење на природни водотеци и речни корита на реките Бошавица, Луда Мара, Црна река и Овчка река

Ред. Бр.	Река-опсегнапоплавата	Населеноместо	Земјиште
1	РекаБошавица	-Конопиште -ДолнаБошава -Крњево	20 ха 23 ха 4,6 ха
2	Река Луда мара	-Ваташа -ГрадКавадарци -Глишиќ -Марена -Сопот	12 ха 25 ха 30 ха 20 ха 10 ха
3	Црна река	-Дреново -Возарци -Шивец	25 ха 35 ха 30 ха
4	Овчка река	-Марена	20 ха

Член 3

Како можни жаришта во Општина Кавадарци од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување за 2026 година се наведуваат следните поројници и реки:

Редбр	Дол или поројница	Површина и должина на долот	Загрозеност		
			Објекти	Инфраструктура	Земјиште
1	Желков дол	Fсл. = 89.0 ха L = 1500.0 m	10	2 улици 1 мост	0,2 ха
2	Кавадаречки дол	Fсл. = 121.0 ха L = 2500.0	10	2 улици Подземниотод вод	0,2 ха

		m			
3	Калнички дол	Fсл. = 134.0 ха L = 840.0 m	10	1 улица	0,2 ха

Член 4

Потребни активности за поројниците Желков дол, Кавадаречки дол и Калнички дол и речните корита на реката Луда Мара и Овчка река со изработена пресметка:

ПОРОЈНИЦИ:

- **ЖЕЛКОВ ДОЛ**

Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 5 км

200 $м^1$ x 10 $м^1$ x 0,20 $м^1$ = 400 $м^3$ x 450 ден = **180.000,00 денари**

- **КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ**

Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 3 км

1.Поплочендел - 700 $м^1$ x 12 $м^1$ x 0,10 $м^1$ = 840 $м^3$ x 450ден = 378.000,00 денари

2. Земјен дел - 200 $м^1$ x 12 $м^1$ x 0,50 $м^1$ = 1200 $м^3$ x 450 ден = 540.000,00 денари

ВКУПНО= 918.000,00 денари

- **КАЛНИЧКИ ДОЛ**

Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 5 км

200 $м^1$ x 10 $м^1$ x 0,5 $м^1$ = 1000 $м^3$ x 450 ден = **450.000,00 денари**

РЕКИ:

- **ЛУДА МАРА**
  Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 10 км

  200 $м^1$ x 15 $м^1$ x 0,20 $м^1$ =600 $м^3$ x 400 ден = **180.000,00 денари**

- **ОВЧКА РЕКА**

  Машински ископ на земја од III категорија со отфрлање до 10 $м^1$.

  200 $м^1$ x 10 $м^1$ x 1,0 $м^1$ = 2000 $м^3$ x 180 ден = **360.000,00 денари**

ВКУПНО = 2.088.000,00 денари
18% ддв = 375.840,00 денари

= 2.463.840,00 ден

Член 5

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма во вредност од **2.463.840,00 денари** ќе бидат обезбедени од апликациите на фондовите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, наменети за финансирање за овие и слични автивности во локалните самоуправи.

Член 6

Програмата влегува во сила со (8) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5977/10 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програма за спроведување
на општите мерки за заштита на населението од
заразни болести за 2026 година

1.**СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за спроведувањена општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/11 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр. 5/02„ и Сл.Весник на РСМ„ 202/2024), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.Весник на РМ" бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Сл.Весник на РСМ„ 257/2020), член 132 став 1 од Статутот на Општината Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за спроведување на општите мерки за заштита нанаселението од заразни
болести во 2026 година

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно стручномислење (елаборат) на Центарот за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своетоподрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

Мерки, цели, активности

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита нанаселението на Општина Кавадарци од заразни заболувања, кои соисполнувањето на поставените цели треба да придонесат закревање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

I. **Општа мерка**

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛАНА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

1. **ЦЕЛ**

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

АКТИВНОСТИ

Населението во Општина Кавадарци се снабдува со вода запиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие Ј.П. Комуналец, од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари.

2. **ЦЕЛ**

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување

АКТИВНОСТИ

Ц.Ј.З. Кавадарци врши проценка на безбедноста на водата запиење преку санитарно- хигиенски увиди на водоснабдителнитеобјекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа вооднос на физичко-хемиски и микробиолошки параметри напримероците на вода. Годишно се изготвува информација до Советот на Општина Кавадарци за безбедноста на водата за пиење, состојбата со заболувања кои може да се пренесуваат преку водата за пиење, се предлагаат мерки за подобрување и се издвојуваат приоритетните објекти.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќе бидат обезбедени од буџетот на Ј.П. Комуналец и Општина Кавадарци.

II. Општа мерка

ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

1. **ЦЕЛ**

Отстранување и одведување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

АКТИВНОСТИ

Во Општина Кавадарци одведувањето на отпадните води се врши во главиот колекторски систем а го врши – Ј.П. Комуналец.

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќебидат обезбедени од Буџетот на Ј.П. Комуналец – Кавадарци.

2. **ЦЕЛ**

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиранпроцес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и надворните површини на колективните и индивидуалните објекти

за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

АКТИВНОСТИ

Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет идруги отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Кавадарци, го врши Ј.П. Комуналец - Хигиена.

Одржувањето на чистотата се врши според годишнатапрограма за чистење на Јавното комунално претпријатие.Годишната програма содржи: динамика, начин и технологија начистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредностина програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на Ј.П. Комуналец и Буџетот на Општина Кавадарци.

3. ЦЕЛ

Заштита на вработените во Јавното комунално претпријатие, кои што вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради контакт со ѓубре, со што би се спречило , првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- редовно обновување на опремата за работа (заштитна униформа, алат и сл.) и
- задолжително вакцинација по епидемиолошкииндикации (активна имунизација против цревен тифус - задолжителна еднашна три години)
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на Комуналното претпријатие кое врши отстранувањена цврст отпад.

III. Општа мерка

САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШТА

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести,па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.
На територијата на општина Кавадарци има:

- Средни училишта

1. СОУ - Гимназија „Добри Даскалов“
2.СОЗШУ - „Ѓорче Петров“
3. СОУ „Киро Спанџов Брко“

- Основни училишта

1. ООУ „Гоце Делчев“
2. ООУ „Димката А. Габерот“
3. ООУ „Димката А. Габерот“ - Ваташа
4. ООУ „Страшо Пинџур“
5. ООУ „Тоде Х. Тефов“
6. ООУ „Тошо Велков Пепето“

- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита

1. ЈОУ – Библиотека „Феткин“
2. ЈОУ – Детска градинка „Рада Поцева“
3. Дневен центар за лица со посебни потреби

1. **ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста одпренесување на заразни заболувања на најранливата група - децата.

АКТИВНОСТИ

- вршење на здравствени прегледи врз вработени во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовитена прегледите на вработените, како и формата и содржината насанитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

2. ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните, предучилишни и социјални установисо цел создавање на безбедна средина.

АКТИВНОСТИ

Во училиштата превентивата дезинфекција, дезинсекцијаи дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја вршат лица кои со закон се овластени да спроведуваат превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно-здравствен интерес.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второтополугодие.

3. ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците,надлежен е Здравствен дом - Кавадарци, а се вршат според однапред изготвен распоред на екипите по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани да ги преземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат

назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледи допонително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

За вакцинација
Одделение

I - 6 години
II - 7 години
VI - 12 години
IX - 14 години
III/IV – 18години

За систематски преглед
Одделение

I
III
V
VII

Финансиски средства за активностите под цел 3 не сепотребни.

4.ЦЕЛ

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- постојано одржување на хигиена на работните простории;
- постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;
- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
- зголемување на бројот на хигиеничари;
- дезинфекција на водата за пиење онаму каде што нема.

Финансиски средства за извршување на општата мерка 4 ќе ги обезбедат училиштата од сопствените буџети.

IV Општа мерка

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО–ПРОМОТИВНИАКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НАНАСЕЛЕНИЕТО

ЦЕЛ

Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на учениците во основните училишта на територијата на општината.

Унапредување на здравјето и заштита на локалното население од ХИВ инфекција преку подигање на свеста, формално и неформално образование, превенција и рано откривање.

АКТИВНОСТИ

Во 2026 година, Советодавни и едукативни предавања воучилиштата ќе се вршат и на други теми, согласно со потребите иможностите на Ј.З.У. „Центар за Јавно Здравје“ - Кавадарци.

Финансиски средства за реализација на оваа цел не сепотребни.

V. Општа мерка

ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

ЦЕЛ

Спречување на појавата на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

Дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти, а со цел спречување на ширење заразни болести кадешто како вектори се јавуваат истите.

Дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување наширење на заразни болести каде што како вектори се јавуваат истите.

АКТИВНОСТИ

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата се изведуваат со стручна и техничка помош на Ј.З.У. „Центар за ЈавноЗдравје“ - Кавадарци и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши со авиозадимување и запрашување и на територијата на ОпштинаКавадарци на површина од 850 хектари во 3 наврати или со аеросолна дезинсекција од земја на следните локации:

- Локации:

1. Течение на река Луда Мара
2. Депонија Мелци
3. Целото градско подрачје

Авиотретирањето или третирањето од земја се извршува во раните утрински часови, во периодот на месец април, мај, јуни, јули и август а зависно од временските услови.

Согласно стручниот елаборат се препорачува да се користат сретствата чија активна материја содржи Permethrin, Deltamethrin, Alpha-cypermethrin, Bendiocarp, D-allethrin и Lambda-cynalothrin.

Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши попретходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ – Кавадарци.

Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата наОпштина Кавадарци ќе се врши на следниве јавни површини:

- Јавна површина

1. Парк „Љупчо Шкартов“
2. Парк „Страшо Пинџур“
3. Парк на „Револуција“
4. Парк „Полана“

5. Стадион „Јасмин“
6. плоштад „Маршал Тито“
7. Кеј на река „Луда Мара“
8. Стадион „Тиквеш“

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утринскичасови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно двапоследователни третмана, со меѓу период од две седмици (зависно од временските услови). За таа цел ќе се користат инсектициди регистрирани од Министерството за здравство на РСМ.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци воотворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќебидат опфатени и отворите што служат за собирање наатмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува1000, во два наврати и тоа: март – јуни и септември – декември.

Потребно е хранлива подлога и родентицидниот препарат (на база на Bromadiolone, комбинација со Bitrex-denatonioum benzoate, Brodifacoum, Difenacoum, Flocoumafen)

Се предвидува поставување на мамечки места во јаснообележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксираниво ѕидот на основата од кејот.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци.”

Бр.08-5977/11 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател**
К А В А Д А Р Ц И **д-р СтојанчоРамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за активностите на
Општина Кавадарци во областа
на социјалната заштита за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр. 09 –6120/12 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“бр. 5/02,, Сл.Весник на РСМ,, 202/2024) и член 132 став 1 од Статутот на Општината Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
аа активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2026 година

|.ЦЕЛИ

Основните цели на на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливите групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;

- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги на инклузија на лица со посебни потреби.

||.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава);
- Помош на семејства за лекување;
- Помош на семејства од семејно насилство;
- Информирање на социјално загрозените семејства на правата и обврските;
- Набавка на колички за хендикепирани лица;
- Новородени деца во 2026 година;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени

- Набавка на колички за хенрикепирани лица во висина од 130.000 денари два броја
- Социјално загрозени семејства и лекување во висина од 2.800.000 денари
- Помош за новородени деца во висина од .....,.....2.000,000 денари

Се вкупно за програмата : 4.930.000 денари

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година.

IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општина Кавадарци.

V. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Кавадарци има граѓански сектор со цели за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители. Општина Кавадарци ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани.

VI. Други форми на активности

Општина Кавадарци ќе ги спроведува и тоа:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга подршка со кадри и опрема со која располага;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

VII.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето на „Сл.гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-5977/12 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на

Програма за активностите на
Општина Кавадарци во
областа на здравствената заштита за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствената заштита за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/13 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“бр. 5/02„ Сл.Весник на РСМ„ 202/2024), член 132 став 1 од Статутот на Општината Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
аа активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2026 година

|.ЦЕЛИ

Основните цели на на оваа Програма се:

- Унапредување на здравствена заштита активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите на граѓаните и здравстените институции во областа на здравствена заштита;

||.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање на здравстените институции за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Општа Болница со проширена дејност;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени на следниот начин:

- Финансиска средства на ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност
  во висина од 1.200.000,00 денари;
- Финансиски средства за подршка на Здружение на дијабетичари „Слатка насмевка„ Кавадарци во износ од 100.000,00 денари;
- Финансиски средства за подршка на Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи и приватни доктори по дентална медицина Кавадарци во износ од 200.000,00 денари.

Вкупно 1.500.000,00 денари

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите во областа на здравствена заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година.

IV.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на Сл.гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-5977/13 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за активностите на Општина Кавадарци
во областа на културата
за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/14 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“бр. 5/02„ Сл.Весник на РСМ„ 202/2024), член 132 став 1 од Статутот на Општината Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр. 08/05...75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Кавадарци
во областа на културата
за 2026 година

I. ВОВЕД

Со програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2026 година се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на Општина Кавадарци и афирмација на нејзиното историско и културно наследство, негување и збогатување на општоприфатените културни вредности.

Преку оваа програма освен што го негуваме културното наследство, даваме поддршка на културните манифестации, ги негуваме културните случувања во сите сфери, исто така и го негуваме развојот на туризмот во нашата општина.

Овие културни манифестации, преку одличната организација, привлекуваат гости и надвор од нашата општина, а организацијата на Тиквешкиот карневал, привлекува гости и од целиот регион надвор од државата.

Во рамките на надлежностите на општината, утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните

вредности , организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво се предлага

ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се :

-Обезбедување активен однос на општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата,

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кавадарци,

-Сочувување и афирмирање на културниот индетитет на Општина Кавадарци,

-Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата,

-Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа програма.

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно –уметнички манифестации

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци предвидени за 2026 година.

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци.

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Кавадарци .

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените и пријателски градови на општина Кавадарци.

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци предвидени за 2026 година .

Средствата од Буџетот на Општина Кавадарци предвидени за 2026 година изнесуваат **13.462.000** денари и се распоредуваат за потикнување ,поддржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата.

Буџет

КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“ - Недела на традиција и вино

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден :12 - 16 февруари

2. Културно лето „ Го сакам Кавадарци“

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец: јули и август

3. Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер“

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден : септември

4. „НОВА ГОДИНА“

Божиќен базар 2026/27 година

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден : декември

ВКУПНО : 8.000.000 денари

Трошоци за културните манифестации

1. Ноќевање на гости за „Тиквешки Гроздобер“
   600.000,00 ден
2. Репрезентации за културните манифестации
   650.000,00 ден
3. Огномет и конфети за културните манифестации
   300.000,00ден
4. Озвучување на културните манифестации
   270.000,00 ден

5. Цвеќе и цветни аранжмани за културни манифестации 130.000,00 ден
6. Коктел за културните манифестации 300.000,00 ден
7. Новогодишни пакетчиња 600.000,00 ден
8. Набавка на подароци за дежурства на Новогодишната ноќ 200.000.00 ден
9. Набавка на подарок за Водици 30.000,00 ден
10. Новогодишно украсување 1.500.000,00 ден
11. Промоција на културно наследство Тиквешки Карневал 450.000,00 ден
12. Годишна конференција за ФЕЦЦ 100.000,00ден
13. Годишна членари на ФЕЦЦ 32.000,00ден
14. Промоција на кутурно наслетсво Карнрвали 650.000,00ден

1.Карневали во државата
2.Карневали во странство

ВКУПНО : 5.462.000 денари

Вкупната вредност на програмата за Култура и јавни дејности изнесува **13.462.000 денари.**

Трошоците за културните манифестации ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година.

IV. Други форми на активности

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Обезбедување стручна ,техничка и друга подршка со кадри и опрема со коа располага Општината
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации

- Организирање на протоколарни и промотивни средби на преставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата
- Овие форми на активност ќе се реализираат согласно можностите на Оштина Кавадарци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Комисијата за култура се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа програма.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,

Бр.08-5977/14 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА,Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр. 09 –6120/15 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 5, и член 24 став 2 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ“ бр.31/98....11/18 и „Сл.весник на РСМ бр. 265/24 и 132/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

О Д Л У К А

За делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година на правно лице

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци врши делегирање на надлежноста на општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации на правно лице (во понатамошен текст : вршител на делегираната надлежност).

Член 2

Се делегираат надлежностите за организирање и реализација на културните манифестации, предвидени во Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука Советот на општина Кавадарци ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации на вршителот на делегираната надлежност.

Член 4

Општина Кавадарци ќе склучи посебен Договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежностите за тековната година, како и поединечни договори за организрање на секоја културна манифестација

Член 5

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски Извештај за секој поединечен настан до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци во рок од 30 дена после одржувањето на настанот.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисијата за култура и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци.

Договорот со вршителот на делегираната надлежност престанува ако Советот на Општина Кавадарци не го усвои наративниот и финансиски извештај од став 1 на овој член.

Член 6

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година, како и од донации и спонзорства.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-5977/15 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на

Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година

1.**СЕ ОБЈАВУВА**, Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа

на културата за 2026 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр. 09 –6120/16 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1, точка 1 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 7 од Законот за култура (,,Сл.весник на РМ“ бр.31/98....11/18 и ,,Сл.весник на РСМ бр. 265/24 и 132/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

П Р А В И Л Н И К

за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година на правно лице

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите од областа на културата на правно лице.

Член 2

Делегирањето надлежности на правно лице за вршење на работи од областа на културата за организирање и реализација по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2026 година, се врши преку објавување на јавен Конкурс.

Член 3

Со пријавата заинтересираниот правен субјект покрај наведените документи од јавниот конкурс приложува и:

1.Решение за упис во Централен Регистар;

2.Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирањето на активностите од делегираната надлежност;

3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на на делегираните надлежности – програма за начин и постапка за вршење на делегираната надлежност;

4.Финансиска структура на активностите;

5.Податоци од лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6.Име презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

Член 4

Градоначалникот распишува Јавен конкурс кој што се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, локалните медиуми и дневни весници кои се издаваат на територијата на Република Македонија и ке трае 15 дена од денот на објавувањето.

Член 5

За разгледување на пријавите од јавниот конкурс Градоначалникот формира 5 (пет) члена Комисија составена од претставници од културните институции и општинската администрација.

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа :

-соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс до 20 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализацијата на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирањето на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетеот и работењето до 40 бода;

-план и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бод.

Член 6

По разгледување на пријавите Комисијата од член 5 на овој Правилник, доставува Мислење со предлог за избор на вршител на делегираната надлежност до Градоначалникот на Општината.

По доставеното мислење од страна на комисијата, Градоначалникот на Општината ке донесе Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на култура.

Член 7

Врз основа на Одлуката за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата , Градоначалникот на Општината ќе склучи договор со правното лице - вршител на делегираната надлежност.

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува согласно Одлуката за делегирање на надлежностите од областа на културата содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежност;

2.Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;

3.Обврски на договорните страни;

4.Начин на реализирање на делегираните надлежности и редовно доставување на извештаи;

5.Осигурување и одговорност за направена штета;

6.Висината на средствата од буџетот на Општина Кавадарци што ќе се исплати на правното лице за реализирање на делегираната надлежност;

7.Начинот на исплаќање на средствата;

8.Трошоци што нема да бидат исплатени;

9.Ревизија и мониторинг;

10.Раскинување на договорот;

11.Завршни одредби.

Член 8

Вршителот на делегираната надлежност до Советот на Општината ќе достави Предлог –Програма за секоја културна манифестација предвидена во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата.

По донесување на Заклучок за усвојување на поединечната Предлог-Програма од страна на Советот на Општината, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе склучи договор за делегирање на надлежноста за организирање на културна манифестација.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-5977/16 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

04.12.2025 година **Претседател,**

К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/17 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1, точка 1 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ“ бр.31/98....11/18 и „Сл.весник на РСМ бр. 265/24 и 132/25), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница, одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

ПРОГРАМА
за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2026 година

ВОВЕД

Со програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2026 година, се

определуваат значајните настани и годишнини од посебно значење, со што се продолжува континуитетот во одбележувањето од републичко и локално значење.

ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Одбележување на годишнини и значајни настани и личности во насока на негување на историското минато,
- Обезбедување активен однос на градот Кавадарци кон задоволувањето на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културната вредност на личности и настани, со цел негување на историските и културните вредности на градот.

I. Одбележување на значајни настани, личности и јубилеи

Јануари

4 јануари 1943 г. 83години од убиството на народниот херојСтрашо Пинџур

Роден е во Струмица на 5 март 1915 г. каде неговиот татко работел како учител. Потекнува од револуционерното семејство Пинџурови од Ваташа. Основно образование и нижа гимназија завршил во Ваташа и Кавадарци. По укинувањето на гимназиите во Македонија, Страшо своето образование го продолжил во Србија.
Во Крагуевачката гимназија се изградува како напреден младинец и револуционер. Тука во 1933 г. започнал да го пишува својот дневник. Покрај другото запишал: „Јас ќе умрам млад, а мојот гроб нема да се знае“.

Во 1935г. Страшо Пинџур се запишал на Правниот факултет во Белград. Многу брзо влегол во редовите на напредното младинско и револуционерно движење. Се вклучил во Друштвото на напредните македонски студенти „Вардар“, а во текот на 1936 г. бил избран за негов секретар. Станал член на Акциониот студентски одбор, како и еден од основачите на македонското народно движење МАНАПО.

За време на летниот распуст во 1939 г. Страшо заедно со Ристо Михов, Ѓошо Бојаџиев и други истакнати револуционери ја обновиле партиската организација која по 1920 година се наоѓала во длабока илегала.

На 26 март 1941 г. Страшо заедно со Кузман Јосифовски – Питу и Мирче Ацев во Скопје, учествувал во демонстрациите против приклучувањето на Југославија кон Тројниот пакт.

По окупацијата на Македонија се наоѓал во Скопје, каде е назначен за инструктор на ПК на КПЈ за Македонија, а од септември 1941 г. е член на Покраинскиот воен штаб. Тој бил задолжен да ја зајакне партиската структура, да формира нови месни комитети и воени штабови. Од јуни 1942 г. член е на Главниот штаб на Македонија.

Есента 1942 г бил разбиен велешкиот партизански одред „Димитар Влахов“, Страшо Пинџур и Мирче Ацев доаѓаат во Велес да ја консолидираат работата на партиската организација.

На 18 декември се пронајдени во куќата на Јован Митрев и биле уапсени и спроведени во Областната полициска управа во Скопје.

Како последица од силните измачувања во Скопскиот областен затвор, на 4 јануари 1943 г. згаснува животот на Страшо Пинџур на неполни 28 години. Било наредено истата вечер телото да биде однесено и закопано некаде на тајно место.

За неговата активност во организирањето на македонскиот народ во борба против фашистичкиот окупатор, Страшо Пинџур е меѓу првите прогласени народни херои во Македонија на 29.07.1945 година.

4 јануари 1921 г. 105години од раѓањето наДанчо Поп Атанасов – Гано

Роден е во Кавадарци, потекнува од сиромашно семејство. Како мал останува без родители, па бил приморан да се справува со сиромаштијата. По завршувањето на основното образование се вработил како столарски работник. Се движи во редовите на прогресивната работничка и интелектуална младина во градот. Во 1940 година е примен за член на СКОЈ. Ноќта спроти Илинден истата година Данчо заедно со Мито Хаџи Василев, Ристо Џунов, Глигор Гечевски, Иван Мазев и Стефан Хаџи Тефов учествува во акцијата на пишување на пароли во градот против војната, гладот и скапотијата. Во 1941 година е примен за член на КП и е вклучен во партиската ќелија со која раководи Киро Спанџов – Брко. На 2 април 1941 година учествува во штрајкот на монополските работници. Од ноември 1942 г. Данчо е член на МК на КПМ за Кавадарци. При формирањето на партизанскиот одред „Добри Даскалов“, Гано е меѓу првите борци во борбите што ги водеше одредот по Кожув и Тиквешијата. Данчо Поп Атанасов се истакнал со својата скромност, а дадените задачи од Партијата дисциплинирано и совесно ги извршува. Вршејќи задача, оди во селото Гарниково – Тиквешко, на враќање над селото наидува

на заседапоставена од бугарската војска и е убиен на 28 септември 1943 година.

12 јануари 1912 г. 114години од раѓањето наВасил Дубров

Роден е во Ваташа, потекнува од угледно трговско семејство. Основно образование завршил во Ваташа, а Граѓанска школа во Кавадарци. Во Велес завршува петти и шести клас гимназија. Васил Дубров е еден од основачите на Соколското друштво во Кавадарци и сигурно еден од неговите најуспешни спортисти. Во летото 1932 година учествува на големиот атлетски слет во Прага (Чешка), каде се стекнува со големо натпреварувачко искуство, како и знаење за уште поголем развој на овој спорт во Кавадарци. Од 1936 година Дубров е наставник по физичко воспитување, а раководи и со Соколското друштво во Кавадарци. Во јануари 1941 година заедно со поголема група кавадарчани е интерниран во логорот Меѓуречје во Ивањица. Во март истата година е ослободен, а пред војната е мобилизиран и испратен со својата единица во Штип. Загинал пред 80 години како последица на бомбардирањето на германските авиони во почетокот на април 1941 година.

14 јануари1916 г.110години од раѓањето наД-рДимитар Даскалов

Роден е во с. Бегниште. Се школувал во Кавадарци, Прилеп и Белград каде завршил Воена академија во 1938 г. Во меѓувреме се запишал на Медицинскиот факултет во Софија во 1939 г. Студиите ги прекинал во 1943г. кога заминал во партизани. Медицинскиот факултет го завршил во 1947 г.,а веднаш потоа специјализирал педијатрија. Во 1949 година е затворен на Голи Оток каде останал до 1953 г. По враќање од робија работи како лекар во Кавадарци, Гостивар, Струмица и Неготино. Напишал две книги и повеќе од 200 стручни и научни труда од областа на медицината. Работи и како асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, а со звањето Примариус се здобил на 14 јануари 1967 година.

16 јануари 1981г.45г. од излегувањето на првиот број на општинското гласило „Кавадаречки весник“, орган на ССРНМ за Кавадарци

Главен и одговорен уредник беше Фруска Костадинова, а редакцискиот колегиум го сочинуваа: Љубица Кимова, Маријана Пешиќ, Марјан Димитров, Пауна Камчева, Лилјана Илиева, Љупчо Лазов и Љупчо Каров. Весникот излегува два пати во месецот во тираж од 5.000 примероци. Во него се објавувани прилози од областа на политиката, стопанскиот, културниот живот, прилози од спортот,

образование и.т.н. Поради финансиски тешкотии на 13 јули 1992 година излезе последниот 306 број.

17 јануари 1871 г. 155години од раѓањето на Тасе Бошков

Тасе Бошков бил учител во Кавадарци, а подоцна е претставник на трговска фирма која се занимавала со откуп на грозје, вино и афион од Тиквешијата. Бил еден од првите членови на ТМОРО во Кавадарци и ја предводел групата на имотните трговци, кои сметале дека револуционерната Организација не треба да го прибере целото население туку само побогатите и проверени членови.

За време на престојот на Гоце Делчев во Кавадарци во септември 1901 година, Тасе Бошков имал повеќе средби и разговори со Гоце Делчев. Со негова заложба биле ослободени голем број уапсени тиквешани во периодот од 1906 до 1907 година. За време на Тиквешкото востание 1913 година, Бошков како кмет на Кавадарци и член на Главниот штаб бил обвинет дека го скинал српското знаме. За да го избегне линчот на српските воени сили се сокрил. Српските воени власти го уапсиле неговиот малолетен син Кирил и му се заканиле дека ќе го убијат ако не се предаде. Откако се предал на 27 јуни 1913 година Тасе бил стрелан заедно со поголема група кавадарчани кај месноста „Поланата“.

28 јануари1906 г.120години од раѓањетоД-р Ристо Велков

Во имотно трговско семејство во 1906 година во Кавадарци е роден д-р Ристо Велков. Основно училиште завршил во Кавадарци, матурирал во Велес во 1928 г. Во Белград се запишал на Медицинскиот факултет, кој го завршил во Грац-Австрија во 1933 г. Во Кавадарци во 1934 година отворил приватна здравствена ординација. За време на окупацијата од страна на бугарските власти на два пати бил интерниран со семејството. По враќањето се вклучил во НОД и бил поставен за раководител на партизанската болница во с.Праведник. во 1944 г. Во 1953г. специјализира ренгенологија во Белград каде останал да работи до пензионирањето.

Почина во Скопје на 9 јануари 1990 година.

Февруари

2-25 февруари1944г. 82години одФевруарскиот поход

Народно-ослободителната војска на Македонија, во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на источна, централна и западна Македонија. Во Февруарскиот поход учествуваат борците на: Втората македонска ударна бригада, Првата македонско - косовска бригада и група баталјони на НОВ и ПО на Македонија. Втората македонска бригада во која поголемиот дел од

борците се од Тиквешко, дејствувале помеѓу Тиквеш и Гевгелиско, преземајќи офанзивни дејства према Кавадарци и Демир-Капија. Походот трае до 25 февруари 1944 година, при зимски услови, висок снег и многу ниски температури а притоа водејќи жестоки борби со фашистичките сили. Успешното изведување на Февруарскиот поход имало големо политичко и воено значење за развитокот на НОВ во Македонија воопшто.

6 февруари 1906 г.120години од убиството наПано Мангаров

Роден е во Кавадарци во 1868 година, еден од најстарите членови на ТМОРО во Тиквешијата. Неговата кафеана била собиралиште на револуционерно определените младинци, активно работи како курир на кавадаречките ајдуци како што беаТодор Митрев и Вано Милков.

По формирањето на Организацијата во Кавадарци во 1894 година заедно со Тодор Врнгалов и Пано Јосев формираат партиска ќелија од тројца членови, која соработувала со околиското раководство на ТМОРО со цел прифаќање на нови членови во нејзините редови. Во 1901 г. Пано Мангаров по една расправија со еден Турчин бил нападнат иво самоодбрана извршил убиство по што бил осуден и затворен на 7 години строг затвор. При една амнестија на султанот Абдул Хамид бил ослободен по шест месеци. На 6 Февруари 1906 г. Пано Мангаров, илинденец и револуционер бил убиен од член на т.н. „Тајни турски комитети“, илегална организација блиска со власта која настојувала да ги ликвидира сите позначајни членови на Организацијата.

Март

2 март 1942 г. 84 г. од смртта наЛазо Филиповски Колевски – Лавски

Роден е на 6 април 1918 година во с. Мрзен Ораовец – Кавадаречко. Рано останал без мајка, тешкиот живот го принудил заедно со татко му да се пресели во Прилеп, каде што завршил основно образование. Во 1935 година се преселил во Градско, каде работел како пекар,а во Велес започнала неговата револуционерна дејност.

Во 1937 година заминал на работа во Белград каде се вклучил во тамошното синдикално движење. Во 1940 година станал член на КПЈ. Лазо Филиповски поради учество во демонстрации во Прилеп е уапсен и затворен 15 дена. Поради неговото храбро држење го добил прекарот Лавски.

По окупацијата на Југославија станал член на Месниот воен штаб на МК на КПЈ за Прилеп и инструктор за ракување со оружје, како складиште за оружје била и неговата куќа. Во почетокот на1942

година заминал по партиска задача во Тиквешката околија со намера да донесат оружје и муниција. На враќање од Кавадарци за Прилеп, Лавски заедно со Борка Талески, во близина на Плетварнаидуваат на бугарска заседа и во таа борба загинале двајцата.
За Народен херој е прогласен на 11 октомври 1953 година.

5 март 1915 г. 111години од раѓањето на народниот херојСтрашо Пинџур

Роден е на 5 март 1915 г. во Струмица, каде неговиот татко работи како учител. Завршил Правен факултет во 1940 г. во Белград. По капитулацијата на Југославија станал инструктор на ПК на Македонија, а потоа и член на Покраинскиот комитет. Во јуни 1942 година е именуван за член на Главниот штаб на Македонија. Во ноември 1942 г. е уапсен од бугарската полиција и по долго мачење убиен во скопскиот областен затвор на 4 јануари 1943 г.

10 март 1881 г.145години од раѓањето на војводатаЛазар Мишев Боцев

Роден е во Кавадарци во 1881г. во занаетчиска фамилија. Потекнува од револуционерно семејство. Основно образование завршил во Кавадарци, а своето образование го продолжил во Солунската машка гимназија. Во 1902 година работи како учител во Кавадарци. Бил активен член на ТМОРО, а во 1903 г. и претседател на комитетот во Кавадарци. Во време на Илинденското востание станал војвода на една чета во тиквешко. По востанието се враќа во Кавадарци, но набрзо бил уапсен од турските власти и осуден на долгогодишна робија. По пуштањето од затвор заминал во Бугарија. Починалво Софија на 7 декември 1951 година.

21 март 1931 г. 95 г. од раѓањето наАкадемик Блаже Ристовски во с.Гарниково (Кавадаречко). Ристовски дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје (Група за литература на народите на СФРЈ и македонски јазик). Во 1965 година бил избран за директор на Институтот за фолклор во Скопје. Во периодот од 1977-1991 година во Институтот за национална историја, работи како научен советник и раководи со тимот за културната историја и со Балканолошкото одделение, а до пензионирањето работи како научен советник. Академик Блаже Ристовски целиот свој работен век го посвети како неуморен и многу плоден истражувач на македонската литература, на јазичната и национална историја, на фолклорот на појавата и развитокот на македонскиот народ и македонската национална мисла, објавени во голем број книги. Академик Ристовски научноистражувачкиот интерес го насочи кон истражување и

афирмација на националните дејци од 19 и 20 век – Крсте П. Мисирков, М. Цепенков, К. Рацин, Димитрија Чуповски и др. Објавил над 800 статии и други прилози во зборници на трудови, списанија во земјата и странство. Еден од најзначајните проекти на Академик Ристовски претставуваат "Собраните дела на К. Мисирков" во МАНУ, каде со документиран, аналитички и критички приод го престави македонскиот културен-национален развиток во еден клучен период од нашата историја. Од 1992-1993 г. ја врши функцијата Потпреседател на првата Влада во Р. Македонија. За дописен член на МАНУ е избран на 07.10.1988 г., а за редовен член на 20.06.1996 г. Научен секретар на МАНУ беше од 1999 до 2002 г. Од 2011 до 2015 г. беше секретар на Одделението за лингвистика и литературна наука. Академик Ристовски почина на 28 ноември 2018 година.

23 март 1901 г.125години одТиквешката Афера

Поради големото присуство на вооружени комитски чети во Тиквешко во текот на 1901 година ги принудило турските власти на овој ден да спроведат голема акција во девет тиквешки села каде пронашле поголемо количество на оружје и муниција. Турските власти извршиле апсења во повеќе села, во Ресава се уапсени 22 селани, Бегниште 20, Грбавец 15, Мрзен Ораовец 20 селани, Чемерско 10, Сирково 5, Бошава 8, Галиште 10, Бојанчиште 15 и во Кавадарци уапсени биле 18 луѓе. Уапсените биле спроведени во кавадаречкиот затвор, каде се немилосрдно тепани, а 32 од нив се спроведени во затворот Еди Куле во Солун. Од последиците на тепањето починале двајца селани од Ресава и еден од Мрзен Ораовец, а еден од Барово се самоубил. Од сите кази во Солунскиот вилает најтешки биле последиците во Тиквешката и Гевгелиската каза. Затворениците кои пристигнале во Солун биле осудени на казна затвор во траење од 3 до 101 година затвор.

28 март 1936 г.90години од формирањето наФК „Љубаш"

Клубот е формиран по иницијатива на неколкумина ентузијасти меѓу кои: Киро Крстев, Пано Мударов, К. Манчев, Д. Боцев, Л. Мукаетов, Р. Јосков, Г. Јуруков и др. Средствата за набавка на опрема биле собирани со доброволни прилози како и од игранки, бидејќи поголемиот дел од нив биле и добри музичари. Клубот се натпреварувал во регионалната фудбалска лига и има остварено добри резултати на спортски план.

30 март1886 г.140години од раѓањето наПане Хаџи Тефов

Роден е 1886 г. во Кавадарци. Работи како чиновник во општинската управа. За време на НОВ неговата куќа е една од најактивните илегални куќи во градот, каде престојуваат голем број на илегалци.

Тешко ја доживува смртта на своите два сина и таа болка ја носи до крајот на својот живот. На првите општи избори во март 1945 година бил избран за претседател на градскиот народен одбор.
Починал во Кавадарци 1972 година.

Април

3 април 1921 г. 105 г. од раѓањето наНаќо Ангелов – Рочко
Роден е во Ваташа, се образува во Ваташа, Кавадарци и Скопје. Во 1940 година се вклучил во напредното младинско и револуционерно движење, а во 1941 година станал секретар на една скоевска група во Ваташа. Во 1942 година бил определен да се грижи за сместување и исхрана на една група партизани од велешкиот одред „Димитар Влахов“.
Во 1942 година откако се илегализирал неговиот брат Димката Габерот, Наќо и неговиот татко Ташо се уапсени и затворени во кавадаречкиот затвор. Тој е еден од првите борци на одредот „Добри Даскалов“, потоа борбениот пат го продолжува во баталјонот „Страшо Пинџур“ иВтора македонска ударна бригада. За политички комесар е назначен во 1944 г., на партизанската болница во Зборско (Ег.Македонија). По ослободувањето работи во просветниот оддел во кавадаречко. Наќо Ангелов, потоазаминал во Чехословачка каде работи како градежен инжинер.
Почина во Прага на 13 април 2003 година.

4 април 1941 г. 85 г. од штрајкот на монополските работници
На 4 април работниците од тутуновиот монопол во Кавадарци пред управата на оваа работна организација ги поставиле овие барања: 1. Зголемување на ниските дневници, 2. Подобрување на условите за работа,3. Скратување на работното време, 4. Подобрување на исхраната во работничката менза и 5. Редовна исплата на заработувачката.
Работниците продефилирале низ градот извикувајќи пароли со кои барале и враќање на отпуштените работници. Управата на монополот революирана од ваквиот однос на работниците не сакала да ги слушне нивните барања, а на неколкумина од штрајкувачкиот одбор им врачила отказни решенија. Членовите на партијата и СКОЈ вработени во монополот утрото на 3 април ги повикале работниците на штрајк.
Месниот комитет на КПМ за Кавадарци уфрлил свои членови во редовите на работниците за поуспешно реализирање на започнатата акција. Сакајќи да го скрши отпорот полицијата ги уапсила организаторите меѓу кои: Киро Спанџов, Глигор Гечевски, Атанас Златев и др. На 5 април биле изготвени летоци со кои работниците

биле повикувани да не одат на работа затоа што управата на монополот не ги исполнила барањата на штрајкувачите. Летоците биле растурени низ Кавадарци и Ваташа. Поради нападот на Југославија од фашистичка Германија и нејзините сојузници, ги принуди луѓето од управата на монополот да ги исполнат барањата на штрајкувачите.

4 април1919 г.107години од раѓањето на првоборецотЛазо Мицев-Рале

Роден е во Кавадарци во земјоделско семејство. Тешкиот живот го принудува да го напушти образованието. Во младоста бил берберски работник, а во редовите на револуционерното движење се вклучил во 1941 година. Неговата работилница набргу станува собиралиште на напредните младинци од Кавадарци. Активно работи околу подготовките за формирање на партизанскиот одред „Добри Даскалов“, а во Втората македонска бригада е од нејзиното формирање.

Загинал кај селото Тресино пред 77 години во борба против германските сили на 15 април 1944 година. Неговото мртво тело германските војници го обесиле на едно дрво во близина на селото Тресино.

7 април 1944год.82 г. од убиството на народните херои Киро Крстев Атанасов - Страшо и Димче Мирчев од Велес

Киро Крстевроден е во Кавадарци во 1923 г., во сиромашно занаетчиско семејство. Со неполни 17 години се вклучил во редовите на напредното младинско и револуционерно движење. Во 1940 г. станал член на скоевската организација. Истата година е уапсен од полицијата на Кралството СХС со цел да се откаже од своите идеи и револуционерната дејност. Во пролетта 1941 г. примен е за член на КП во Кавадарци. Налбатскиот занает и работилницата на неговиот татко му овозможиле да контактира и да одржува врски со селата во Тиквешијата. На 28 септември 1941 г. Киро е еден од 25-те младинци кои во месноста „Раштани“ го формираат првиот партизански одред и полагаат заклетва. Во септември 1942 г. е член на Месниот комитет на КП за Кавадарци. Во пролетта 1943 г. Киро станува член на Третиот областен комитет на КПМ. Во почетокот на мај 1943 г. е еден од првите борци на тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов“. Кон крајот на март и почетокот на април 1944 година по иницијатива на Димче Мирчев и Киро Крстев во Кавадарци се интензивираат активностите за организирање на поголема група на младинци во редовите на партизанското движење. Вечерта на 4-ти април Киро и Димче биле сместени во куќата на Иге Златев, а на 5-ти била добиена директива партизаните да излезат. Вечерта на 6-ти спроти 7-ми

април голема бугарска војска ја опколила куќата во која биле сместени двајцата партиски активисти. Во раните утрински часови во обидот да го пробијат непријателскиот обрач загинаа борците Киро Крстев и Димче Мирчев.
Киро Крстев за народен херој е прогласен на 20.12.1951 год.
Димче Мирчев за народен херој е прогласен на 2 август 1949 год.

14 април1921г.105г. од раѓањето наБлаже Џунов – Млаѓо

Првоборецот од времето на НОВ,Блаже Џунов роден е во Ваташа каде го започнува своето школување кое го продолжува во Кавадарци и Крагуевац. Потоа се запишал на Земјоделскиот факултет во Земун. По окупацијата на земјата се запишал на факултет во Софија. Во 1942 година бил обвинет дека шири револуционерни идеи сред студентите и затоа бил исклучен од факултетот. Во почетокот на мај е еден од првите борци на одредот „Добри Даскалов“. Џунов во септември 1943 година својот борбен пат го продолжил во баталјонот „Страшо Пинџур“, а во декември 1943 година е и борец на Втората македонска ударна бригада. На 22 декември истата година, учествува како делегат од Тиквешијата на Првиот конгрес на НОМСМ во Фуштани, каде е избран за член на Главниот одбор на младината на Македонија. На 28 април 1944 година во судир со германската војска на планината Бигла е тешко ранет и пренесен на лекување во партизанската болница на грчка територија. Поради сериозноста на раната и покрај вложените напори на лекарите, Блаже Џунов им подлегнал на повредите.

17 април1911 г.115години од загинувањето наЛазо Ридов –Асијата

На 24 јануари 1884 година во Кавадарци во занаетчиско семејство роден е Лазо Ридов-Асијата. Револуционер и народен јунак од времето на илинденскиот и поилинденскиот период.
Асијата како што популарно бил нарекуван е еден од најсаканите борци против османлиската доминација во овој крај. Бил борец во четите на Петар Јуруков и Добри Даскалов, а во тие борби неколкупати бил ранет. Во 1909 година предводи една чета од Кавадарци за да им помогне на младотурците во Цариград да го соборат режимот на султанот Абдул Хамид.
Загинал од раката на својот најдобар другар Ордан Нетков на 17 април 1911 година.

30 април 2001 г. 25години од смртта на Проф. д-р Диме Лазаров

Роден е во Кавадарци 1918 година, овде завршил основно образование и нижа гимназија. Дипломирал на Техничкиот факултет во Загреб, каде што и докторирал во 1964 година. Во младоста играл фудбал во ФК „Југославија“. Бил на студентски престој во Цирих и

Лозана во Швајцарија, Виена како и во Москва. Од 1951 година работи на Градежниот факултет во Скопје и е основач на Катедрата по геодезија. Диме Лазаров е редовен професор на Градежниот факултет во Скопје (од 1967 до пензионирањето во 1983 година). Во меѓувреме бил Декан на Архитектонско – градежниот факултет (1967 – 1969) година и вршел многубројни функции меѓу кои и Претседател на Сојузот на инжинерите и техничарите на Македонија и Претседател на Сојузот на градежни инжинери на Југославија. Напишал учебник по предметот геодезија, а објавил голем број стручни и научни трудови.
Починал во Скопје на 30 април 2001 година.

Мај

1 мај 1914 г. 112 години од организирањето на првата првомајска прослава во Кавадарци

На овој ден 1914г. Во Кавадарци била организирана првата првомајска прослава, која по својата масовност и содржина не била направена на начин како што тоа било во поголемите градски центри во Македонија како Скопје, Битола и други градови, каде што работничкото движење имало подлабоки корени и поголема традиција. По иницијатива на Социјалдемократската партија во Кавадарци во централниот дел на градот се собрала една поголема група на граѓани, а на присутните им се обратил претседателот на партијата Владо Митков од собирот била упатена поздравна телеграма од централната првомајска прослава од Скопје.

1 мај 1892г. 134 години од раѓањето на Ѓошо Бојаџиев

Роден е во Ваташа. Основното образование го завршил во Ваташа, а нижа гимназија во Гевгелија. Работел како бојаџија а неговото семејство се занимавало со земјоделство. Учествува во Тиквешкото востание од 1913 година а со започнувањето на првата светска војна бил мобилизиран во редовите на српската војска еден период бил австро- унгарски заробеник. Во 1920 година Ѓошо е еден од првите членови на КПЈ, која победила на Општинските и Парламентарните избори во Кавадарци. Активно се занимава со политика го подржувал револуционерното движење во Тиквешкиот крај. Несреќно загина на 5-ти септември при уривање на ридот „ Градот“ во месноста Моклиште.

4 мај 1903 г. 123години од убиството на Гоце Делчев

На 4 мај 1903 година, во село Баница (Серско), во нерамна борба со турската војска и полиција загина апостолотна македонското револуционерно народноослободително движење. Еден од

најзначајните личности од поновата историја на македонскиот народ.Гоце Делчев роден е во Кукуш на 4 февруари 1872 година. По професија бил учител. Делчев е значаен и за развојот на револуционерното движење во Тиквешијата, на два пати престојува во овој крај. Во септември 1901 година значително ја консолидира работата на револуционерната организација во целиот Тиквешки револуционерен реон и по втор пат доаѓа во октомври 1902 година.

4 мај 1912 г. 114години од загинувањето наПере Тошев

Роден е во Прилеп во 1865 година. Пере Тошев често престојувал во Кавадарци бидејќи неговата мајка потекнува од Ваташа, а имал и голем имот кај село Фариш. Се школувал во Прилеп и Битола. Како учител работел во неколку града во Македонија, бил и училишен инспектор во Солунскиот вилает. Тој е еден од основоположниците на ТМОРО, а подоцна успеал да формира ограноци на организацијата во Прилеп, Битола и Скопје. По Солунската провала бил затворен во Подрум Кале во 1901 до 1902 година. По амнестијата се вратил во Македонија и ја продолжил револуционерната дејност. Учествува во Илинденското востание во борбите кај прилепско и мариовско. За време на Прилепскиот конгрес изработил Проект - правилник од 142 члена. Учествува и во работата на Рилскиот конгрес во 1905 година, каде го изготвил Правилникот на Организацијата од 216 члена. Дејствувал во Серскиот округ со четата на Јане Сандански. Во 1912 година по предавството што го извршил турчинот Дељо од селото Дреново во Дреновската клисура бил убиен великанот од македонската историја Пере Тошев.

5 мај 1881 г. 145 г. од раѓањето на Милан Поп Михајловво Кавадарци

Потекнува од имотно семејство кое му овозможило да добие солидно образование. Неговата револуционерна активност започнала во Истанбул, каде учел во Цариградската семинарија. Таму се запознал со видни македонски револуционери како Михаил Герџиков и Славе Мерџанов и со нив го основале револуционерниот кружок во семинаријата. Во 1889 година за време на летниот распуст во Кавадарци се сретнал со Добри Даскалов и Пешо Самарџиев и со нив размениле искуства за понатамошната работа. Во 1901 година во Софија се сретнал со Гоце Делчев. Во учебната 1902-1903 година Милан е поставен за главен учител во кавадаречката прогимназија. За време на подготовките на населението од Тиквешијата за престојното востание Милан Поп Михајлов одиграл значајна улога, користејќи ги своите врски со револуционерните сили во Истанбул каде што се школувал, особено со ерменските револуционери. Успеал

да донесе во Тиквешијата извесно количество на експлозив потребен за претстојното востание.
На 23 август 1903 година во Пловдив во куќата на Михаил Герџиков при приготвување на експлозивни тела настанала силна експлозија која ја разнела куќата на Герџиков, при што загинал и Милан Поп Михајлов.

6 мај 1991 г.35години од загинувањето на **Сашко Гешовски,припадник на ЈНА**Родене во Кавадарци на 31 октомври 1971 година, основно и средно училиште завршил во родниот град. По завршување на средното образование заминал на отслужување на воениот рок во ЈНА во Сплит – Р.Хрватска. На 6 мај 1991 година во него пука маскиран припадник на МУП на Република Хрватска и смртно го погодил со 4 куршуми. Гешовски во критичниот момент бил на задача пред зградата на Воено поморската област во Сплит. Тој беше првата жртва во конфликтот што предизвика распад на Југославија во 1991 година.
На 7 мај во Кавадарци се одржа протестен митинг на кого учествува речиси целото население од градот и околината, за да го искажат својот револт за смртта на својот сограѓанин, кои палеа свеќи на градскиот плоштад во чест на Гешовски. Неговото тело со воен хеликоптер беше пренесено во Кавадарци. На погребот присуствуваа повеќе од 20.000 граѓани, дојдени од сите краишта напоранешна Југославија. Во Кавадарци беше прогласена тридневна жалост.
Во воениот конфликт во 1991 година покрај Гешовски од Кавадарци загина и **ПетреТодоровски**, роден во 1971 година. Тодоровски загина како припадник на ЈНА на 26 јули 1991 година во касарната Љубљана – Поље, Р. Словенија. Својот млад живот го загуби како војник, додека бил на стража. Погребан е во Алејата на загинатите кавадарчани од војната во 1991 година. Во овој конфликт загина и **Мишко Митрев,** роден во 1954 година во Ваташа. Митрев загина како подофицер во ЈНА во септември 1991 година при одбрана на касарната во Ѓаково.

9 мај 1945 г. Ден на победата над фашизмот и **Ден на Европа(1950) г.,** во знак на сеќавање на завршувањето на Втората светска војна во Европа во 1945 година и почеток на создавањето на Европската унија, пет години подоцна.
На 9 мај 1945 година Германија ја потпишува својата безусловна капитулација во Втората светска војна, во која животот го загубиле околу 55 милиони лица, од кои речиси 31 милион цивили, а повредени се околу 35 милиони луѓе. Војната се водела на териториите на тогашни 60 држави. Втората светска војна била првата војна водена во Европа, Азија и Африка, како и во водите на Медитеранот, Пацификот и Атлантикот. Војната е официјално завршена неколку

месеци подоцна, со капитулацијата на Јапонија, но во Европа денешниот ден се одбележува како Ден на победата над Фашизмот. На 9 мај 1945 година советскиот маршал Георгиј Жуков пред сојузниците го ратификувал договорот за германската капитулација, кој еден ден порано во име на Третиот рајх го потпишал генерал фелдмаршал Вилхелм Кајтел.
Тој ден, кога престанало најголемото крвопролевање во историјата на човештвото, започнато од поддржувачите на фашистичката идеологија, Европа со гордост извикнала: Никогаш повеќе!

Еден од најзначајните датуми во Европа, 9 мај, се одбележува и како **Ден на Европа.** Пет години по германската капитулација, на **9 мај 1950** година, Роберт Шуман, тогашен министер за надворешни работи на Франција, го претставил својот предлог за формирање на Европска заедница за јаглен и челик. Овој предлог, познат како Шуманова декларација, се смета за почеток на формирањето на денешната Европска Унија. Декларацијата била предлог за поранешните непријатели Франција и Германија, да воспостават организација која заеднички ќе управува со нивните индустрии за јаглен и челик, со цел војната во Европа никогаш да не се повтори. Предлогот довел до создавање Европска заедница за јаглен и челик во 1951 година, претходник на Европската економска заедница, односно денешната ЕУ. Овие два важни настана во историјата на Европа, како и секоја година, се одбележуваат со оддавање почит на жртвите на фашизмот и паднатите борци во Втората светска војна и како ден кога се прославува единството и мирот на стариот континент. Меѓу другото, 9 мај треба да послужи и како потсетник дека борбата не е завршена, да се бориме секојдневно за рамноправност и почит меѓу луѓето без оглед на нацијата, верата, расата и полот кои се цивилизациски вредности кои што мора да се негуваат.

12 мај1944 г.82години од загинувањето на првоборецотМара Димова – Анка

Родена е во Кавадарци во 1918 година во земјоделско семејство, кое не било во состојба да и овозможи да се стекне со повисоко образование. Со цел да му помогне на своето семејство уште од рани години по завршување на основното училиште се вработува како монополска работничка во Тутуновиот монопол. Во напредното младинско движење се вклучува во 1941 година кога и станува член на скоевската организација предводена од Стефан Хаџи Тефов-Феткин. Учествува во штрајкот на монополските работници во април

1941 година. Активно учествува во подготовките за исфрлање на партизански одред, кога заедно со неколку другарки изработуваат облека за партизаните. Во партизани излегува во мај 1943 година во одредот „Добри Даскалов“, каде е одредена да работи во санитетска служба и го добива партизанското име Анка. Нејзиниот борбен пат продолжува во баталјонот „Страшо Пинџур“, а од декември 1943 година во Втората македонска ударна бригада. Во борбата со германските војници кај планината Бигла на 28 април 1944 година е тешко ранета и по кратко лекување во импровизирана партизанска болницаво Егејска Македонија и одсуство на потребните лекарства состојбата и се влошува и таа им подлегнала на тешките рани.

14 мај 1943 г. 83години од формирањето натиквешкиот партизански одред„Добри Даскалов“

Одредот е формиранна планината Вишешница, претставува една од најголемите и најборбените партизански единици во тој период под бугарска окупација. Името го добива по прославениот револуционер од овој крај кој се борел против турското ропство.

Штабот на одредот го сочинувале: Никола Минчев-Јане, командант, Димката Ангелов-Габерот, политички комесар, Лазар Калајџиски-Добри, заменик командант и Пецо Пепељуговски, заменик политички комесар. На денот на формирањето одредот броел околу 60 борци, за кратко време бројот се зголемил.

Вечерта на 14 мај една група борци од одредот заминува во с.Ресава со задача да набаваат храна. Групата наидува на непријателска заседа и по кратка престрелка бил убиен партизанот Фердо Росомански. На 17 мај борците од одредот изведуваат успешна акција во с.Гарниково, а на 18 мај во с.Бојанчиште при што биле убиени осум бугарски полицајци, а од страна на партизаните загинале Лазо Стојанов и Миле Ѓ чков. Една од позначајните акции на одредот бил нападот и разоружувањето на бугарските погранични караули Шаренка и Порта. На 27 мај 1943 г. одредот одржал успешен митинг во с.Драгожел и била организирана општо народна прослава. Со цел да се уништи партизанското движење во Тиквешијата, бугарскиот окупатор од 7 до 16 јуни организирал широка акција за уништување на одредите „Добри Даскалов” и „Сава Михајлов “. На 7 јуни во борбата кај с.Никодин загина Блажо Тодоровски – Чичето. На 10 јуни во непријателска заседа загинаа Димката Ангелов – Габерот, Пано Мударов – Фрањо, Ило Виларов – Сокол и Стојан Крстев. По неуспехот на јунската офанзива партизанските одреди се префрлиле во реонот на Зборско(Егејска Македонија). Во овој период биле одржани многубројни предавања и курсеви за ракување со оружје и борбена тактика. Одредите и тука не престанале со својата активност, тие во помали групи се префрлуваат во реонот на Тиквеш и Гевгелиско каде

вршат борбени акции, одржуваат митинзи и собири со населението, прифаќаат нови борци во своите редови. На 24 септември со наредба на ГШ на ПО и НОВ на Македонија од одредите „Добри Даскалов", „Гоце Делчев" и „Сава Михајлов" на планината Кајмакчалан бил формиран баталјонот „Страшо Пинџур".

285мај 1944 г. 82 години од смртта на борецот Доно Р. Попов

Роден е во селото Бохула – Тиквешко 1923(1924) година. Во Народно-ослободителната војска стапил во мај 1944 година. Бил борец во втора Македонска бригада – Први баталјон. Иако млад се бори како искусен борец и во секоја акција влегуваше неустрашиво и храбро. На 24 мај 1944 година бригадата вршеше напад на рудникот витолиште во таа борба бесе тешко ранет и прифатен од другарите. Утредента подлегна на тешките повреди.

28 мај 1944 г. 82 години од смртта на д-р Тодор Велков- Пепето

Тодор Велков е роден во Кавадарци на 17 февруар 1912 година во семејство на родители Петре и Симка Велкови. Во 1934 година Тодор Велков членувал во еден кружок на студенски активности, по чија иницијатива е формирана и скоевска група во која членувале повеке студенти од Македонија. Еден од иницијаторите за формирање на културно-просветно друштво,, Вардар" во 1935 година чија основна задача била да се шират револуционерните идеи сред ученици и студентите кој се школувале во загребскиот универзитет. Во втората половина од мај 1944 година се вклучил во кумановскиот партизански одред. Во една борба против Бугарскиот окупатор кај месноста Струмички рид бил тешко ранет заедно со уште неколкумина борци. Ранетите биле префрлени во логорот кај Нивичански воденици . во отсуство на стручна лекарска помош по неколку дена Пепето им подлегнал на раните на 28 мај 1944 година.

Јуни

7 јуни 1943 г. 83години од убиството на народниот херојБлажо Тодоровски – Чичето

На 13 април 1902 година во село Ресава, роден е народниот херој на Македонија Блажо Тодоровски - Чичето.

Потекнува од сиромашно земјоделско семејство и од мали нозе ги извршувал најтешките физички работи. Млад се оженил и основал свое семејство. По природа бил бунтовен и непоколеблив.

Во напредното движење се вклучил во 1938 година, во агитацијата за Парламентарните избори. Заедно со Страшо Пинџур, Тошо Велков и др. ја подржувале кандидатурата на д-р Илија Чулев. Соработува со Димката Габерот кој во 1938 година бил учител во с. Дабниште.

Станал член на Комунистичката партија во 1941 год. Помага за време на престојот на велешките партизани од одредот „Димитар Влахов“ на територијата на ресавскиот атар и ја предводел десетината во првата борбена акција во неговото село Ресава.
Во почетокот на 1943 година заедно со Димката Ангелов-Габерот, Никола Минчев, Благој Крстиќ, Мито Хаџи Василев и др. бараат погодни бази за формирање на идниот партизански одред „Добри Даскалов“.
На денот на формирањето на одредот „Добри Даскалов“ на 14 мај 1943 година, Блажо Тодоровски - Чичето е меѓу првите негови борци и бил заменик командир на првата чета на одредот. Загина во Јунската офанзива што ја презедоа бугарските војски за уништување на напредното движење во овој крај на 07.06.1943 година кај село Никодин, тој е тешко ранет и за да не падне жив во рацете на окупаторот се самоубива.
Прогласен е за народен херој на Македонија на 11 октомври 1953 година.

10 јуни 1943 г.83години од загинувањето на Димката Ангелов – Габерот, Пано Мударов – Фрањо, Ило Виларов – Сокол и Стојан Крстев

Димката Ангелов – Габерот роден е во виорот на Првата светска војна на 17 октомври 1916 година во селото Ваташа, како второ дете на Ленка и Ташо Ангелови. Основно образование заврши во своето родно село, а нижа трикласна гимназија во Кавадарци. Уште од најмладите години по карактер бил немирен, енергичен, бунтовен. Она што посебно го одликува била неговата неизмерна љубов и почит кон слободата, кон човекот и кон својот народ. Во кругот на своите другари и пријатели бил весел, интересен соговорник и голем шегаџија. Во 1930 година се запишува на учителската школа во Белград, а со диплома се стекнал во Неготин Краина. Таму доаѓадо израз неговиот бурен темперамент, не ја трпи неправдата, ги критикува неправилните постапки на своите професори. Со диплома на учител, невработен, го прави својот прв јавен испад во 1936 година на плоштадот во Кавадарци, каде пред голема маса народ отворено и смело ја напаѓа експлоататорската политика на владата на Милан Стојадиновиќ.
Загина на 10.06.1943 годинакај месноста „Клинска Леса“,за време на Јунската офанзива што ја презедоа бугарските војски за уништување на напредното револуционерно движење во овој крај. Неговата храброст го направи да биде легенда на Тиквешијата.

11 јуни 1921 г. **105г.од раѓањето наАлександар Ицев - Живко**

Ицев е роден во Кавадарци на 11 јуни 1921 година. Во Кавадарци завршил Граѓанско училиште, а своето образование го продолжил во Военo-занаетчиско училиште во Крагуевац. Во Кавадарци работи како металостругар. Член на КПЈ е од 1941 година. На 13 јули истата година учествува во акција во селото Долни Дисан во која беше убиен неговиот другар Диме Поп Атанасов, првата жртва на фашизмот во Македонија. По овој настан за да не биде уапсен се илегализира и е еден од првите илегалци во Кавадарци. Во јануари 1943 година е избран за член на Месниот комитет на КП за Кавадарци, а по укинувањето на Воениот комитет сите активности околу подготовките за исфрлање на партизански одред ги води Месниот комитет. Во мај 1943 година излегува во партизани во тиквешкиот одред „Добри Даскалов“, но набргу е прераспореден во одредот „Сава Михајлов“. Во август 1943 година Ицев е избран за член на Околискиот комитет на КП, а во октомври е во новиот состав на Околискиот комитет заедно со Глигор Гечевски, Рада Поцева и Стефан Хаџи Тефов.

По ослободувањето работи како претседател на Околискиот комитет на КП во Неготино, а потоа и како член на Окружниот комитет во Велес. Александар Ицев беше преставник на стопанската комора во Бугарија. По враќањето од Бугарија е избран за пратеник во Сојузната скупштина на Југославија, а работи и во Сојузниот синдикат во Белград. Бил претседател на Стопанскиот собор на Собранието на СРМ. На Првиот, Вториот, Третиот и Петтиот конгрес на КПМ бил избран за член на ЦК на КПМ. Александар Ицев бил директор на Метални завод „Тито“ во Скопје. Носител е на партизанска споменица 1941 година.

16 јуни 1943 г.83години одстрелањето на 12-те ваташки младинци

Со намера да го спречи подемот на Народноослободителното движење, а во рамките на Јунската непријателска офанзива која се одвивала од 7 до 16 јуни 1943 г., бугарскиот фашистички окупатор покрај воените, презема и низа репресивни мерки. Окупаторот имајќи сознанија за активноста на партиската организација во Ваташа презема мерки за да го спречи ова движење. За таа цел од Скопје бил испратен бугарскиот областен директор Димитар Раев. Во акцијата биле вклучени: Велешкиот, Битолскиот и Прилепскиот полк, граничните подучастоци од Конско и Мрежичко, сите полициски сили од Тиквешијата и Гевгелиско, специјален полициски одред и група полициски агенти од Скопје на чело со Борис Жуглов, а сите под команда на бугарскиот полковник Љубен Апостолов.

Тоа рано утро, на 16 јуни 1943 г. бугарските полицајци го извршуваат првото апсење. Го приведуваат Диме Чекоров, кој бил испратен во Кавадарци на испитување кај агентот Борис Жуглов. Наскоро од

Кавадарци стигнал список со имиња за апсење, а направен врз основа на една фотографија пронајдена во џебот на уапсениот Диме Чекоров. Фотографијата била направена на првомајската прослава на ваташките младинци во „Моклиште“ истата година. Според подготвениот список бугарските полицајци ги уапсиле младинците. Двајца полицајци го донеле од Кавадарци Диме Чекоров, со крвави рани по лицето и телото. Откако сите биле донесени во кафеаната, започнало крвавото иследување и крвничкото тепање. Од младинците се барало да одговорат за целта на првомајскиот собир, за нивното следење на програмата Радио Москва, за врските со партизаните и за криењето на илегалци. Со наредба на полковникот Љубен Апостолов уапсените младинци требало да бидат стрелани. Околу пладне, во придружба на цел еден кордон војска, младинците се упатуваат кон месноста “Дулово долче“. На патот од кој никогаш нема да се вратат заминуваат: Перо Видов (15)г., Ванчо Гурев (19)г., Данко Дафков (17)г., Илчо Димов (18)г., Ристо Ѓондев (17)г., Блаже Ицев (18)г., Герасим Матаков (17)г., Пане Мешков (18)г., Ферчо Поп Ѓорѓиев (25)г., Васил Хаџи Јорданов (27)г., Диме Чекоров (20)г. и Пане Џунов (17)г. Со нив се спроведени и четирите младинки од селото: Невена Хаџи Јорданова, Стева Ампова, Ката Ицева и Павлина Касапинова. Околу 13 часот по пеколна горештина пристигнале во месноста „Дулово долче“. Поручникот Костов им рекол да се наредат еден до друг за да ги фотографираат, обидувајќи се да ги припои девојчињата кон младинците. Но, полицискиот началник Петко Опреков му се спротивставил, затоа што тоа не било наведено во наредбата. Во меѓувреме Васил Хаџи Јорданов насетувајќи дека нешто лошо се подготвува, започнал да трча кон реката, обидувајќи се да избега. По него тргнале Диме Чекоров и Герасим Матаков. Костов, иако во почетокот бил изненаден од смелоста на младинците, веднаш им издал наредба на војниците да стрелаат. Започнала стравична пукотница. Војниците како по заповед ги извадиле бајонетите и да бидат сигурни дека успешно ја завршиле работата започнале со нив да ги бодат телата на младинците кои сеуште покажувале знаци на живот.

Заслужена казна ги стигнала сите актери во овој масакр во Ваташа. Поручникот Костов и помошникот на полицискиот началник од Кавадарци Петко Опреков биле ликвидирани наскоро по капитулацијата на Бугарија. Љубен Апостолов на 3 ноември 1944 г. го откриле македонските емигранти во Софија. Бил приведен и донесен во Кавадарци каде му е судено како на воен злосторник. Народниот суд во Кавадарци го осудил на смртна казна. Полицискиот инспектор Димитар Раев и агентот Борис Жуглов биле осудени на смрт и стрелани во Скопје.

19 јуни 1913 г.113години одТиквешкото востание

Прв организиран, масовен и вооружен протест на населението од Тиквешијата против нововоспоставената српска власт која ја окупирала Вардарска Македонија по повлекувањето на турските сили после Првата балканска војна од 1912 година. Ова е воедно и првото востание кое е кренато десет години по Илинденското востание.

Воспоставувањето на српската управа во Тиквешијата довела до замирање на секаква стопанска, општествена и културна дејност во овој крај. Училиштата биле затворени, а свештениците и учителите биле немилосрдно тероризирани и спречувани да ја вршат својата професија. Биле извршени неколку убиства врз голоракото население, а тепањето и малтретирањето на невиното население станало секојдневие. Српската полиција го убила Александар Видов во Кавадарци само поради тоа што изјавил дека не се чуствува како србин. Мачена била и баба Наца Пинџурова, мајка на револуционерот Димитар Пинџуров и баба на народниот херој Страшо Пинџур. Убиена била и цела турска фамилија од 50 членови.

Тиквешкото востание е објавено на 12 јуни 1913 година во Ваташа. Бил формиран востанички штаб составен од видни војводи кои учествувале и во Илинденското востание. Востанието започнало на 19 јуни 1913 година со сигнални огнови по селата Мрежичко и Рожден, најавувајќи ја борбата против новата српска управа која го заменила турското ропство.

На 19 јуни започнало востанието во кое земаат учество околу 200 востаници - обични граѓани кои првпат земале пушка во раце, а заедно со четите на ВМРО околу 1000 востаници.На 19 јуни востаниците успеале да го ослободат Неготино и селата од десната страна на реката Вардар од Демир Капија до Рожден. Истиот ден било ослободено и Кавадарци. Започнале широки воени акции врз објекти и воени пунктови на српските вооружени сили на територијата на Тиквешијата. Покрај Кавадарци, Неготино и Ваташа биле ослободени скоро сите села во Тиквешијата, околу 50-тина каде била воспоставена народна власт. На општинската зграда во Кавадарци било истакнато револуционерното тиквешко знаме од 1903 година на кое пишувало „Слобода или смрт”, а под него „Тиквешки револуционерен округ”.

Слободните седум денови биле прославени со народна веселба и со собирање помош за востаниците. На 20 јуни било одржано свечено собрание на кое била избрана и градска управа составена од 12 видни кавадарчани.

Под притисок на голема српска војска предводена од Василие Трбиќ помогната од четниците на Јован Бабунски и Јован Долгач, на помош дошол и башибозук на Јаја Ага со 250 вооружени души. За кратко

време биле разбиени востаничките сили кои веќе на 25 јуни биле принудени да се повлечат од завземените градови кон селата под планината Кожув. По задушувањето на востанието месното население било подложено на страшен терор и реплесалии. Српската окупаторска војска за да го заплаши населението на колја врзала 150 тиквешани во центарот на Кавадарци и биле оставени да висат 30 часа на сонце. Потоа заедно со уште 50 други кавадарчани биле одведени во месноста „Полјаната" и биле стрелани. Според нецелосните податоци во целиот тиквешки крај биле убиени 545 луѓе.

Тиквешкото востание е самостојно дело на тиквешкото население, спонтано организирано и раководено од месните дејци, револуционери и војводи од Организацијата.

20 јуни 1912 г.114години од убиството на војводатаДобри Даскалов

Тиквешки револуционер и војвода, роден на 13.11.1882 год. во Кавадарци. Во 1896/97 година своето образование го продолжил во Самоков, каде станал член на револуционерниот кружок „Трајко Китинчев", основан од страна на Гоце Делчев. Во кружокот најблиски другари му се Петар Јуруков и тиквешанецот Пешо Самарџиев. Нивна цел била да работат и да се борат за идејата за ослободување на македонскиот народ од повеќе вековното османлиско ропство. Во 1901 година со само 19 години станал член на револуционерната чета на Јане Сандански. Во 1902 година Даскалов започнал со интензивна револуционерна активност, подготовка на населението од Тиквешијата за вооружена борба. Добри Даскалов бил предложен и избран за делегат на Солунскиот конгрес кој се одржал на 2 јануари 1903 година, меѓутоа во тој период се наоѓал во затвор. Во пролетта 1904 година војводата Даскалов влегол во Тиквешијата на чело на една добро опремена и обучена чета. Од Околискиот комитет со седиште во Кавадарци бил именуван за тиквешки војвода. Во јуни 1905 година како делегат од Тиквешијата учествува на Солунскиот конгрес. Следниот месец малата револуционерна чета на Добри Даскалов покажала храброст во Ресавската борба, која води десетчасовна борба со десет пати побројната турска војска. Четата на Добри Даскалов во следните години води доста борби со турската војска.

Добри Даскалов е убиен по наредба на војводата Милан Ѓурлуков од Прилеп, кој за оваа валкана работа го ангажирал Крсто Ристов Кимов од с. Грбавец, бивш четник во четата на Добри Даскалов на 20 јуни 1912 година пред портата од неговата куќа во Кавадарци. Со убиството на Даскалов и бил нанесен силен удар на Револуционерната организација во Тиквешијата.

25 јуни 1936 г.90години од смртта на војводатаМишо Шкартов
Роден е во Кавадарци во 1884 година. Потекнува од занаетчиско семејство. По завршувањето на основното образование се запишал во Солунската гимназија, каде започнала и неговата револуционерна дејност. Бил борец во четата на Јане Сандански во 1905 годинакаде ја врши функцијата секретар на чета.Во 1908 година се вратил во Тиквешијата и бил борец во четата на Добри Даскалов,а потоа и самиот е војвода на револуционерначета. Со формирањето на НФП, тој е еден од нејзините најактивни членови. Во 1913 г. учествува во Тиквешкото востание и е член на Главниот штаб на востанието.
Шкартов е Тиквешки војвода и еден од основачите на ВМРО – Обединета.На Цариградската конференција во 1930 година станал и член на нејзиниот Централен одбор.
Починал во Софија во 1936 година.

28 јуни1906 г.120години од убиството наЈованче Поп Антов
Роден е во село Ваташа 1882 година во свештеничко семејство. Основно училиште завршил во Ваташа и Кавадарци. Образованието го продолжил во Скопје каде се запишал во Педагошкото училиште, а потоа работи како учител во Кавадарци. Јованче Поп Антов, набргу станува член на ТМОРО, а во 1904г. поради неговата револуционерна дејност за да не биде уапсен се илегализира и се вклучува во револуционерната чета на војводата Добри Даскалов. Убиен е од страна на член на т.н. „Тајните турски комитети" во Ваташа на 28 јуни 1906 година.

Јули

1 јули 2001 г. 25 г. од загинувањето на Блашко Толев
Толев е роден на 30 март 1981 година во кавадаречкото село Марена. Како припадник на АРМ загина во военото конфликт на 01 јули 2001 година на Тетовското Кале од минофрлачка граната, испукана од страна на албанските терористи. Толев во октомври 2000 година заминува од Тиквешијата да го изврши долгот и го отслужи военото рок во АРМ, прво во Битола, а потоа во Штип. Кога започна военото конфликт 2001 година, тој активно зема учество во борбите во Тетовско и Кумановско.
Блашко Толев беше прва жртва од овој крај во конфликтот од 2001 година. Како припадник на редовниот состав на Армијата на Република Македонија на само 20 години го жртвува својот живот за одбраната на Македонија.
Постхумно е одликуван со медал за храброст.

12 јули 1906 г. 120 г. од загинувањето на **Пешо Самарџиев**

Тиквешки војвода од Илинденскиот период, роден е во с.Подлес (близу Градско) во 1877 година. По смртта на татко му неговата мајка се премажува во Неготино. Пешо завршил основно училиште и три класа нижа гимназија. Кратко време работи во Романија како печалбар, но набргу се вратил во Неготино. Во Самоков (Бугарија), се запишал во железарското американско богословско заведение. Таму се вклучил во младинската револуционерна организација заедно со Добри Даскалов, Петар Јуруков и други. Самарџиев училиштето го завршил во 1901 година по што се вклучува во четата на војводата Јане Сандански, каде останува три месеци, а потоа преминува во четата на Христо Чернопеев. Во летото 1902 година е во четата на тиквешкиот околиски војвода Петар Јуруков. Пешо Самарџиев станал искусен револуционер. Пред Илинденското востание од страна на раководството на Тиквешкиот револуционерен комитет, Пешо Самарџиев и Добри Даскалов добиваат задача да заминат во Бугарија со цел да донесат поголема количина на оружје потребно за востанието. Четата која била снабдена во Бугарија со оружје на пат за Тиквешијата била нападната од турска војска во близина на Радовиш. Во мај 1904 година како делегат од Тиквешијата еден месец учествува на подвижниот општ конгрес на ТМОРО во селата на Прилеп. За Тиквешки војвода е именуван во август 1904 година. Две години неговата мала, но одбрана чета води борби со турските воени и полициски сили во Тиквешијата како и со врховистичките чети во овој крај. Во август 1905 година здружените чети на Самарџиев и Даскалов водат борби со турската војска близу селото Мрежичко. На 12 јули 1906 година помеѓу селата Дрен и Клисура (Демир-Капија), четата на Пешо Самарџиев паднала во заседа, поставена од врховистите и по кратка престрелка војводата бил убиен.

13 јули 1941 г.85години од убиството наДиме Поп Атанасов

Роден е во село Страмашево во 1918 година. Неговото семејство се преселило во Кавадарци каде што завршил основно образование и Граѓанско училиште до 4 клас. Немајќи финансиски можности да го продолжи школувањето, работи како шивачки калфа. По извесно време се вработува во општинската управа во Кавадарци како општински писар. Тој е еден од иницијаторите за отворање на градско читалиште и библиотека во Кавадарци. Во таа иницијатива се вклучиле: Страшо Пинџур, Димката Ангелов, Никола Минчев, Мито Хаџи Василев и др. Во 1937 година Диме е иницијатор за формирање на илегална симпатизерска група во која членуваат: Киро Спанџов, Илчо Стефановски, Методија Димовски и Диме Боцев – содаџијата. Во 1940 година Диме Поп Атанасов е примен во редовите на скоевската организација од страна на Мито Хаџи

Василев, заедно со Киро Крстев, Пешо Кимов и Глигор Гечевски. Потоа е член на МК на СКОЈ за Кавадарци. Во 1941 година активно се вклучил на повикот на Месниот комитет на КПМ од Кавадарци за прибирање на оружје и друг потребен воен материјал и негово складирање на сигурни места. Бил назначен и за секретар на читалиштето. Во една таква акција во с. Горни Дисан (Неготинско) заминуваат: Диме Поп Атанасов, Атанас Златев и Александар (Ацо) Ицев. Предадени од домашни предавници и бугарскиот окупатор на пат за Кавадарци во нив пука еден падар при што бил смртно погоден на 13.07.1941 година.
Диме Поп Атанасов преставува прва жртва на фашизмот дадена во Тиквешијата и Македонија непосредно по окупацијата на Македонија.

15 јули 1894г. 132години од формирањето на првиоткомитет на(ТМОРО) во Кавадарци

Овој комитет е прв во Македонија по Солунскиот. Сите останати комитети во Македонија се формирани подоцна.
На денешен ден во 1894 година Дамјан Груев дошол во Кавадарци и веднаш го побарал Иванче Минчев, негов соученик од солунската гимназија со намера да му обезбеди луѓе со кои ќе говори за училишните и црковните проблеми во Тиквешката каза. Набргу Даме се уверил дека има работа со сериозни и предани луѓе пред кои не треба да има никакви тајни. Тогаш ги запрашал дали и тие би сакале да станат членови на таква организација чија што цел е извојување на политичка слобода по пат на револуционерна борба. Откако добил потврден одговор Даме го извадил преписот од Статутот на организацијата и пред Евангелието, револверот и камата положиле заклетва на верност спрема организацијата. Во првиот состав на организацијата влегле четворица членови и тоа: Пане Иванов - претседател и главен учител во кавадаречкото основно училиште, а за членови биле избрани: Иванче Минчев - чиновник и учител, Јованче Велков - трговец и претседател на црковно училишната општина и Јанаќи Илиев Ќурчиев - трговец и кожар. Следниот ден во ваташкото училиште се формирал комитет на ТМОРО во кои влегле: Тодор Поп Андов, Лазо Сојтериев, Коцо Јорданов, Зарко Димов, Трајче Дубров и Пано Поцев.

18 јули1936 г.90години одштрајкот против ниските откупни цени на афионот

На овој ден во 1936 година производителите на афион од Кавадарци и околните села организираат штрајк против ниските откупни цени на афионот и афионскиот катран, кој до тогаш покрај грозјето е еден од

најдоходните земјоделски производи. Штрајкот е организиран против корпорацијата „ПРИЗАД“, која ги диктирала ниските откупни цени на овој земјоделски производ.

26 јули 1991г. 35години од загинувањето на **Петре Тодоровски од Кавадарци во военото конфликт во Словенија**

Петре Тодоровски служеше воен рок во армијата на поранешна Југославија (ЈНА), во касарната Љубљана Поле, во Љубљана. Се навршија 30 години од неговото загинување и неговата вечна младост. Загина на 20 години, само дваесет дена пред завршувањето на военото рок.

Петре Тодоровски е роден во Кавадарци, на 1 јуни 1971 година, од мајка Марика Тодоровска (родена Чемерска) и татко Павле Тодоровски.

Основно и средно училиште заврши во Кавадарци. Непосредно пред заминување на одслужување на военото рок се запиша на Земјоделски факултет при Универзитетот во Скопје.

Август

1 август 1968 г. 58години од смртта наМито Хаџи Василев – Јасмин

Јасмин е роден на 21 декември 1922 година во Кавадарци, каде завршил основно училиште и нижа гимназија, а потоа продолжил во Битола. Мито Хаџи Василев е македонски комунист, политичар и новинар. Студирал на правниот факултет во Белград. Во 1940 година е примен во членството во КПЈ и бил член на МК на КПЈ, секретар на СКОЈ во Кавадарци, член на Вториот обласен комитет на КПМ, заменик политички комесар на Третата оперативна зона и на Втората бригада и член на Обласниот комитет на НОО во Битола. По ослободувањето, од крајот на 1945 година до 1 јануари 1948 г. е главен и одговорен уредник на в.„Нова Македонија“ Во 1962 година повторно е именуван за главен уредник на весникот „Нова Македонија“. Избран е за прв претседател на Здружението на новинарите на Македонија. Јасмин е член на највисоките партиски и државни органи на Републиката. На Првиот конгрес на КПМ бил избран за кандидат, а потоа и за член на ЦК КПМ. На Вториот и Третиот конгрес на КПМ повторно е избран во највисокото партиско раководство, а на Седмиот конгрес на СКЈ за член на Централниот комитет. Од 1957 година бил претседател на Идеолошката комисија на ЦК СКМ, а од 1964 до 1967 г. е член на ИК на ЦК СКМ и секретар на ЦК СКМ за идеолошкиот сектор. Бил и член на Претседателството и Претседател на Собранието на Македонија со едногодишен мандат од 12 мај 1967 година. Учествува во издавањето на речиси сите

централни весници во Македонија во 1944 година. Еден е од првите главни и одговорни уредници на в.„Нова Македонија“. Неговата публицистичка и теоретска дејност е собрана и објавена во неколку томови. Автор е на повеќе книги и брошури од областа на македонската национална историја од кои: „ВМРО Обединета“, „Јане Сандански“, и „За великобугарскиот шовинизам“. Од областа на општествените науки: „Свртени кон човекот“, „СКЈ и непосредната демократија“ и др. Во негова чест од 1969 година во Македонија се доделува државната награда „Мито Хаџи Василев – Јасмин“, со која се оддава признание за остварување во областа на публицистиката и новинарството. Почина во Брела (Макарска – Хрватска) на 1 август 1968 година на 46 годишна возраст.

2 август 1903година, е една од најзначајните години во историјата на македонското револуционерно движење и воопшто во историјата на македонскиот народ.

На 2 август **Илинден**(пред **123 год.)**во Македонија избувна големо востание на македонскиот народ против Османлиската власт. Конгресот на Битолскиот револуционерен округ, одржан во Смилево од 02-07 мај, одлучил да се крене општо ослободително востание и избрал Главен востанички штаб кој донел одлука востанието да започне на денот Св. Илија.Македонија била поделена на 6 востанички окрузи, а седмиот округ било Одринско. Тиквешко бил вклучен во вториот востанички округ „Кожуф“. Востаничките сили иако недоволно подготвени презеле нападни дејства во сите востанички реони. Востаниците од Крушевскиот востанички реон успеваат да го ослободат Крушево каде беше прогласена Крушевска Република, прва република во историјата на Балканските народи, со Совет и Привремена Влада, избрани од народот. Организатор и водач на Крушевската Република беше македонскиот револуционер - социјалист, учителот Никола Карев, со помош на началникот на револуционерниот одред Питу Гули, по националност Влав. Привремената Влада извршила мобилизација на машкото население способно за борба. Во селата со муслиманско население бил упатен повик, познат како „Крушевски манифест” во кој се соопштувало дека македонскиот народ се кренал на оружена борба против тиранската власт и насилниците, а не против сиромашното муслиманско население.Крушевската Република имаше многу краток век до 13 август, таа живееше како автономна држава, симболизирајќи ја борбата на македонскиот народ за ослободување. Питу Гули со четата одлучува да се бори до крај по што Крушево е повторно завземено, ограбено и опожарено.

Европските големи сили имале свои интереси во османлиската држава и во регионот и биле против оруженото востание во

Македонија и Одринско. Владата во Турција добила полна слобода да ги употреби сите сили и средства за задушување на востанието. Соседните балкански држави биле исто толку заинтересирани за ликвидирање на востанието и за уништување на Македонската револуционерна организација. При целосна изолираност востаничките сили опстоиле до пред крајот на 1903 година.

4 август 1925г. 101 години од раѓањето на Дешка Тошева, првоборец од село Бегниште. Родена на 4 август 1925 година. Произлегува од сиромашна селска фамилија. Во 1942 година во нивната куќа престојуваат илегалци од Велешкиот партизански одред, станала член на СКОЈ во 1943 година. Во април 1944 година е борец во втората Македонска бригада. Во борбените акции настојуваше да го одржува борбениот морал кај борците. Загинала во борбата со германците кај с.Садик Овче Поле на 7 ноември 1944 година. После убиството Германците го масакрираат нејзиното тело.

13 август 1943 г. 83години од загинувањето на учителот и револуционерТоде Хаџи Тефов

Роден е 1920 година во Кавадарци. Основно училиште завршува во родниот град, а потоа продолжува со школувањето во Горни Милановац - Србија каде завршува со одличен успех. Во 1935 година се запишува на учителската школа во Јагодина (Светозарево, Србија). Во 1940 година учителствува во селото Спонце - Јабланичката околија, каде што постојано бил во контакт со прогресивни и напредни младинци. Во пролетта 1941 година се наоѓал во Кавадарци и се борел против бугарската окупација. Меѓутоа бугарските власти следејќи ја неговата активност го испраќаат на двомесечен курс во Софија, а потоа го назначуваат за учител во селото Горни Дабник-Бугарија, каде учителствувал заедно со неговиот соборец Димката Ангелов Габерот. По едногодишен престој во Бугарија, тој ја напуштил учителската служба и се вратил во родниот град. Во 1942 година станал член на КПМ. Пролетта со исфрлањето на првиот партизански одред „Добри Даскалов" тој се наоѓал во неговите редови и започнува неговата силна борба против окупаторот. Во август 1943 година на пат кон Кавадарци со цел извршување на партизанска задача, неможејќи да најде сигурно засолниште го поминал денот во непосредна близина на градот во месноста Калница. Приквечерината бил откриен и убиен од домашен предавникТрипун Чолакот. Така загинал Тоде Хаџи Тефов, во својата 23-та година од животот. Тоде како учител и борец за слободата на македонскиот народ стана симбол за подобра иднина на новите генерации.

18 август 1943 г. Пред **83 г**. на Славеј планина со наредба на Штабот на втората оперативна зона бил формиран првиот баталјон на НОВМ „Мирче Ацев“, составен од борците на партизанските одреди „Даме Груев“ и „Димитар Влахов“. Ова е првата регуларна воена единица на македонскиот народ во НОБ.
Од 1992 г. се празнува какоДен на АРМ.

22 август – октомври 1944 г. 82 годиниод борбитешто се водеа на патниот правец Прилеп - Градско – Велес

Вореонот на Дреновската клисура, кај селата Дреново - Фариш - Никодин и Ракле, се водеа борби во кои животот го дадоа повеќе од 50-сетина борци на Втората Македонска Ударна Бригада, IX, X и XI македонска бригада. Овие бригади во втората половина на 1944 година беа формирани претежно со борци од Тиквешкиот крај. Извршени се неколку успешни акции во реонот на Дреновската клисура на патот Прилеп - Градско, при што била нападната моторизирана германска колона која се повлекувала од Северна Грција, и било запленето поголемо количество оружје, муниција и воен материјал. Со овие акции се отежнувало повлекувањето на вооружените сили и воената техника на германскиот окупатор од Грција кон Германија. Најголем дел од борците на IX и X бригада беа млади луѓе, некои од нив штотуку мобилизирани, без војничко искуство. На многумина тоа им беше и прва борба, голем дел од борците биле од село Страгово. Единиците на 41-ва дивизија се до 25-ти октомври 1944 година продолжија со нападите врз германските единици на овој патен правец.

25 август 1944 г. 82години од формирањето напрвата македонска НО дивизијаНа 25 август 1944 година во с. Шешково, на околу 16 км. западно од Кавадарци е формирана Првата Македонска дивизија, позната и како 41 Југословенска дивизија. Во нејзиниот состав влегуваат: Втората, Деветтата, Десеттата и Единаесеттата Македонска бригада. Штабот го сочинувале: Тихомир Милошевски – Тиќо – командант на дивизијата, Лазар Калајџиски – Добри – заменик командант, Наум Наумовски – Борче – политички комесар и Коле Јовановски – Солунски – заменик политички комесар. При формирањето оваа дивизија броела 1.300 борци, а на крајот дури 5.180 борци и офицери. Формирањето на дивизијата е еден од од најзначајните настани во развојот на НОБ во Македонија. Првата Македонска дивизија се наоѓала под непосредна команда на ГШ и ПОМ на Македонија. На почетокот таа дејствувала во реонот на Тиквешијата, Повардарието и Прилепско каде се воделе големи борби со германските сили кои се повлекувале од Грција по долината

на р. Вардар и патот Битола – Прилеп. На 9 септември 1944 г. дивизијата со помош на населението го ослободуваат градот Прилеп, при што биле заробени околу 300 германски војници, 60 моторни возила, многу оружје, муниција и воен материјал. Од 11 до 16 септември дивизијата води тешки борби со германските единици Гулман и Пабест, како и со специјализираниот баталјон од составот на IV СС полициска дивизија. Кај селата Мажуниште, Варош и Селце води жестоки борби со истите единици сé до 19 септември кога германците повторно го заземаат Прилеп. Еден дел од дивизијата на 17 септември води борба со германскиот фашистички окупатор во реонот на Кавадарци и Дреновската Клисура. Од 29 октомври до 2 ноември првата Македонска дивизија води борби за ослободување на Прилеп кој е ослободен на 2 ноември. Од 15 до 17 ноември 1944 г. дивизијата учествува во борбите за ослободување на Кичево, селата Туин, Папрадиште, Бериково, Јагол, Доленци, Поповјани, Ќафа, Падолиште и др. До крајот на 1944 година и почетокот на 1945 година оваа дивизија учествувала во завршните борби за ослободување на Косово, во борбите против остатоците на балистичките сили во реонот Качаник-Урошевац-Гнилање, како и во конечното ослободување на Југославија, при што од одметнатите балистички банди е заробено големо количество на оружје и воена опрема.

29 август 1944г. 82 години од загинувањето на првоборецот Коле Игнатов- Подлешки.

Роден е во Кавадарци 1922 година во земјоделско семејство. Од млади години работи како сезонски работник во Лозовиот расадник. Пред војната станува член на СКОЈ а во 1941 година член на КПЈ. Бил уапсен од Бугарските власти во времето на блокадата кога се убиени Киро Крстев и Диме Мирчев заедно со уште 26 кавадарчани. Загинува во борба против германскиот окупатор кај селото Црквиште во 1944 година.

Септември

На 5 септември 1931 г.95години од раѓањетонаВуко Каров

Вуко Каров е значајна општествено-политичка личност во Кавадарци. Раководител е во неколку работни организации во Кавадарци: „Тиквеш - Транс“, ДИК „Страшо Пинџур“ и “Комуналец“. Од 1963 до 1969 година ја врши функцијата потпретседател на Собранието на Општина Кавадарци, а во 1964 година е претседател на Општината. Името Вуко Каров е синоним на фудбалската игра, еден од најдобрите фудбалери во историјата на кавадаречкиот фудбал. Вуко игра фудбал и во скопски „Вардар“ и долго се зборувало за неговата игра против „Хајдук“ од Сплит кога дал гол од 40 метри. Има

настапувано и за студенската репрезентација на Југославија во Франција во 1952 година. Својата фудбалска кариера ја заврши во Тиквеш во 1963 година. Почина во Кавадарци во 1990 година. Граѓаните на Општина Кавадарци, ФК Тиквеш како и ФСМ му се оддолжија со тоа што во негова чест и помен секоја година во Кавадарци се одржува традиционален фудбалски турнир, кој го носи неговото име.

5 септември1956 г. 70години од загинувањето наЃошо Бојаџиев

Роден е во Ваташа на 1-ви мај 1892 година. Неговите се занимавале со бојаџиски занает, по што го добиле презимето Бојаџиеви. Во младоста се занимавал со бојаџиство, а работел и земјоделие. Учествува во Тиквешкото востание од 1913 г. За време на Првата светска војна бил мобилизиран во редовите на српската војска. Во 1920 година Ѓошо е еден од првите членови на КПЈ. Во август 1939 година заедно со Страшо Пинџур и Ристо Михов ја обновуваат работата на КПЈ во Кавадарци која цели 20 години била во илегала. За време на војната во 1942 г. во неговата куќа била сместена партиската техника. Несреќно загина на 5 септември 1956 година при уривање на ридот „Градот“ во месноста „Моклиште“.

5 септември 1956 г.70 години одтектонската несреќакај месноста„Моклиште“

Како последица на тектонско движење на земјата, во раните утрински часови дојде до уривање на ридот „Градот“. Во оваа несреќа животот го изгубија 11 вработени во земјоделските задруги од Ваташа, Дреново и Возарци и еден случаен минувач од село Долно Бошава кој одел на пазар во Кавадарци. Во оваа трагедија биле затрупани и 1.200 овци и голем број грла крупен добиток. Огромното количество на земја и камен (околу 15 милиони кубни метри се спуштила кон реката Луда Мара) ја затвори долината на реката Луда Мара и создаде природна брана која денес се вика Моклишко езеро.

Меѓу загинатите се: Ѓошо Бојаџиев од с. Ваташа, Шариф Ахмед од тетовско, Методија Димитров од с.Конопиште, Ајрадин Бектеш од тетовско, Лазо Темов од с. Возарци, Илија Паризов од с. Дреново, Мишо Кузманов од с. Дреново, Ристо Камчев од с. Долна Бошава, Мифтари Белур од тетовско, Тоде Панов од с. Грбавец и Гане Стојанов од с. Возарци.

7 септември 1944 год. 82години одослободувањето на Кавадарци

Во селото Шешково на околу 16 км. западно од Кавадарци на 25 август е формирана Првата македонска дивизија или (41

југословенска). Во состав на оваа дивизија се наоѓаат IX, X, XI како и Втората македонска бригада. Народноослободителната борба против окупаторот се повеќе се интензивира. На 2 септември 1944 година, Деветата македонска бригада под водство на командантот Најдо Стаменин – Орлов извршила успешна акција против бугарскиот окупатор кај селата Крњево и Барово, напаѓајќи го бугарскиот гарнизон со 1.350 војници. Оваа бригада дејствувала во Тиквешијата на комуникацијата Велес – Гевгелија. Покрај постоечките три баталјони, бил формиран уште еден четврти, па така организирана и вооружена Деветата бригадата на 6 септември својот победоносен од го насочува кон Кавадарци. Членовите на НОО од Ваташа, пред влезот во селото ја пречекале бригадата на која и подариле црвено македонско знаме, изработено од младинките од Ваташа. Неколку дена пред почетокот на нападот согласно препораките на ГШ на НОВ на Македонија, а со цел непотребно да не се пролева крв, штабот на Деветата бригада прави обид за преговори со окупаторската војска и за таа цел определена е една група, придружена со група војници кои заминуваат на преговори со бугарската војска, стационирани во зградата на Тутуновиот монопол во Кавадарци. Делегацијата која била определена на бугарското раководство му понудила две можности, да се приклучат кон НОВ и второ да го предадат оружјето и да ја напуштат територијата на Македонија и да се вратат назад во Бугарија. Претставниците на бугарската војска ги отфрлиле и двата предлога, подоцна со воена придружба биле упатени кон бугарската граница.

Деветата бригада веднаш потоа се подготвила за напад на Кавадарци и на 7 септември во раните утрински часови се упатиле кон градот. Исплашени од успесите на НО војска и присуството на единиците на Првата дивизија, бугарската војска без борба го напуштила Кавадарци. Во попладневните часови борците на бригадата навлегуваат во градот, каде биле масовно пречекани од граѓаните на Кавадарци. Бил организиран свечен ручек, на кој населението се здружило со борците од бригадата. Командантот на бригадата одржал смотра, а бил одржан и митинг. Пред насобраните граѓани со пригодни зборови се обратил политичкиот комесар на бригадата Ристо Стојанов – Железни. По него говорел и командантот Најдо Стаменин – Орлов, за успесите на народоослободителната војска како и жртвите што таа ги даде за ослободување на нашата земја. По одржаниот митинг со почесен плотун им е оддадена почест на сите загинати борци од овој крај. Митингот прераснал во општо народна веселба која траела до касно во ноќта. По четиригодишна окупација на денешен ден 7-ми септември 1944, Кавадарци бил конечно ослободен. Долго очекуваната слобода населението во Општина Кавадарци ја плати скапо. Во текот на војната загинаа 333 борци и

жртви на фашистичкиот терор, од кои тројца се прогласени за народни херои. Голем број од ранетите борци останаа трајни инвалиди.

7 септември 1976 г.50години од пуштање во употреба наСпомен Костурницата

Спомен костурницата, се наоѓа високо над Градскиот парк „Љупчо Шкартов“ во Кавадарци, на надморска височина од 305 метри. Овој монументален споменик, изработен од бетон, е дело на инж. арх. Петар Муличковски, а симболизира стара македонска куќа, која би била вечен дом на паднатите борци и жртви на фашистичкиот терор од НОВ и Револуцијата 1941-1945 година. Спомен костурницата, оградена е со бетонски ѕидови со дебелина од 3 метри. Долниот заграден дел го претставува внатрешниот двор на куќата кој продолжува во надворешен двор во форма на амфитеатар. Во долниот отворен дел на костурницата каде е сместена галеријата се влегува преку две железни врати од југ и север на кој се преставени гроздови. Висока е 12 метри а до врвот се доаѓа преку 62 кружни скали поставени во средината на објектот, од каде се влегува во затворениот дел. Во внатрешниот дел на мермерни гранитни плочи се изгравирани имињата на паднатите борци и жртви на фашизмот од општина Кавадарци вкупно 333. На голем број борци кои паднаа ширум фронтовите во поранешна Југославија посмртните останки не се пренесени во Спомен костурницата.

Свечено е откриена на 7-ми септември 1976 година.

7 септември1976 г.50години од почнување со работа наЛокаленМузеј – Галерија Кавадарци

Со изложбата на словенечкиот сликар и скулптор Марио Вилхар од Љубљана започна со работа Музеј-Галерија од Кавадарци.Музеј-галеријата е општ Музеј во кого делуваат: историско, археолошко, етнолошко одделение, галериско и одделение за историја на уметност, трансформирани во стручна служба во месец август 2020 година. Останати служби кои делуваат се: административна и помошно – техничка.

Покрај основната институција располага и со два депанданти: Спомен куќата нанародниот херој Страшо Пинџур во с.Ваташа и Музеј „Куќата на мирис и вкус“, отворен на 9 мај 2013 година.

15 септември 1901 г. 125 годиниод доаѓањето на Гоце Делчев во Кавадарци

Гоце Делчев идеологот на македонското револуционерно движење престојувал 7 дена во Кавадарци како илегалец во куќите на Спиро Даскалов и Лазар Бањански. За време на неговиот престој одржал

голем број на состаноци со раководството на Организацијата во градот и со комитетите од селата во Тиквешијата. Делчев престојувал и во Ваташа во куќите на Шарлиови, Поп Антови и Сојтериови. Во училиштето „Даскал Камче“ одржал собир на кој присуствувале повеќе од 200 луѓе.

Октомври

11 октомври 1941 г. 85години-Ден на народното востание на македонскиот народ

11 октомври е ден на Македонското востание. Ден кога македонскиот народ во 1941 г. започнал вооружена борба против фашистичката агресија и повторната окупација на Македонија во Втората светска војна. Во 1941 година Македонија е повторно поделена, овојпат помеѓу италијанскиот, германскиот и бугарскиот окупатор. Македонскиот народ во КПЈ го нашол својот сојузник во победоносниот пат за национална и социјална слобода. ПК на КПЈ за Македонија подготвува план за започнување на вооружена борба. Со првите истрели што биле испукани од 16-те храбри момчиња ноќта на 11 октомври 1941 година во Прилеп, бил означен почетокот на вооруженото востание на македонскиот народ, чијашто борба била крунисана со слобода. Во нападот 16-те прилепски партизани биле поделени во три групи. Првата група го напаѓа бугарскиот полициски участок, втората - затворот, а третата има задача да ги прекине телефонските врски и електричната инсталација. Вооружени дејствија има и во Кумановско. На 12 октомври се огласиле и истрелите на кумановските партизани. Почнала крвавата НОБ на македонскиот народ за конечно ослободување на земјата. Со вооружената борба Македонија дала свој придонес во победата над фашизмот во Втората светска војна.

Единаесетти октомври е продолжување на слободарските традиции на македонскиот народ проникнати во Карпошовото, Разловечкото, Кресненското и Илинденското востание, но и во напорите за социјално и национално ослободување вложени во Балканските војни и Првата светска војна. Македонскиот народ самостојно се изборил за својата слобода.

Со одлуките на Првото заседание на АСНОМ во 1944 година се оживотворени повеќевековните идеали за основање самостојна, слободна и независна македонска држава.

На овој ден им оддаваме почит на сите учесници во вооруженото, антифашистичкото и народноослободителното востание.

17 октомври 1916 г.110години од раѓањето наДимката Ангелов – Габерот

Габерот, роден е во Ваташа 1916 година. Завршил основно училиште и нижа гимназија, а Учителска школа во Белград и Неготин Краина. Работи како учител во селата Радња, Дабниште, Горни Д'бник. Бил член на Месниот и Воениот комитет во Кавадарци, а од март 1943 година политички комесар на Трета оперативна зона. Кога на 14 мај 1943 година е формиран тиквешкиот партизански одред Габерот бил именуван за политички комесар. На 10 јуни 1943 година загинал во заседа поставена од страна на бугарската војска кај месноста „Торкови лаки“, близу Клинската леса, заедно со Ило Виларов, Пано Мударов и Стојан Крстев.

20 октомври 1951 г. 75години од смртта на војводата Дончо Лазаров - СојтеријатаРоден е во Ваташа во 1878 година, потекнува од револуционерно семејство. Во редовите на македонската револуционерна организација е примен со неполни 20 години. Поради неговиот темперамент често бил во судир со Турци во Ваташа, поради што бил затворан од тогашните власти. Бил борец во четата на војводата Добри Даскалов, а од 1905 година е раководител на месна чета. Негова желба била да стане тиквешки околиски војвода, што довело до конфронтирање со околискиот војвода и месното раководство на револуционерната организација. Во 1907 година заминал во Бугарија.

Во 1908 година е еден од првите членови на Народна Федеративна партија, а во август 1909 година како делегат од Тиквешијата е учесник на оснивачкиот конгрес на НФП во Солун. За време на Тиквешкото востание во 1913 година е член на Главниот Штаб на востанието. Сојтеријата бил еден од најголемите агитатори сред населението во Тиквешијата во одбрана на црквата и училиштата. По задушувањето на востанието поголем дел од четниците се повлекле од Тиквешијата. Дончо Лазаров останал сам со својата чета. Починал во Петрич на 20 октомври 1951 година.

23 октомври 1893 г. 133 години - Ден на Македонската револуционерна борбаМакедонската Револуционерна Организација (МРО), е политичка организација формирана на 23 октомври 1893 година во куќата на книжарот Иван Хаџи Николов во Солун. Нејзините темели ги поставиле шестмина револуционери - интелектуалци: Даме Груев - професор, Петар Поп Арсов - професор, д-р Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов - книжар, Христо Батанџиев - професор и Андон Димитров - учител. МРО по одржаниот Рилски конгрес во 1905 година името го менува во ВМРО. Организацијата имала за цел по пат на вооружена борба да се извојува политичка

автономија на Македонија и Одринско. Први обиди за формирање на Организацијата се датираат од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на 19 век, кога Пере Тошев му напишал писмо на Ѓорче Петров да формираат организација за ослободување. Во 1892 година кај Иван Хаџи Николов созреала идејата дека само една организација може да го пресече патот на Бугарската, Српската и Грчката пропаганда, како и да ја принудат Турција да ги почитува решенијата на Берлинскиот конгрес, особено чл. 23 во кој биле предвидени реформи во земјата. Според Иван Хаџи Николов биле прифатени следните начела: 1.Организацијата да е тајна и револуционерна. 2. Нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници, поради што ќе се нарекува Внатрешна. 3. Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност. 4.Политиката на организираните македонци е автономија на Македонија. 5. Да се чува самостојноста на организацијата за да не падне под влијание на политиката на соседните држави. За реализирање на сите овие задачи било неопходно брзо ширење и омасовување на организацијата. Во неа подоцна се вклучиле: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Иванче Минчев, Јованче Велков и др. Во Солун 1894 година е избран првиот Централен Комитет на чело со д-р Христо Татарчев како претседател и Даме Груев-секретар. Првиот Устав на Организацијата го напишал професорот Петар Поп Арсов.

25 октомври 1913 г. 113 години од раѓањето на Диме Галапчев

На 25 октомври1913 година во Кавадарци е роден Диме Галапчев. По завршувањето на седми клас гимназија, работи како трговски помошник. Заболел од белодробна турбекулоза. За време на НОБ заради нарушеното здравје соработува во заднинските органи на НОД. По ослободувањето е испратен на служба во Велес, во Околискиот одбор како повереник за стопанство. Заменик министер за финансии во првата влада на НРМ, каде и го дооформува своето образование по економија, е поставен во 1946 година. Во 1952 година во Кавадарци е избран за Претседател на народниот одбор на градската општина, на која функција останува три мандати, до 1963 година. Работи на неколку раководни функции во градот како: Генерален директор на АК „Тиквеш“ (1963-1970) година, и заменик директор на рударско-металургискиот комбинат ФЕНИ (1970-1983), од каде се пензионира. За својата работа како општествено-политички работник награден е со Орден заслуги за народ од Прв ред и Орден за труд со златен венец.

Почина во Кавадарци во октомври 1993 година.

Ноември

2 ноември 1915 г. 111 години од раѓањето наНикола Минчев - Јане
Командант на првиот тиквешки партизански одред „Добри Даскалов“, делегат на АСНОМ и член на Президиумот на АСНОМ. По војната при изборот на првата Влада на Р. Македонија бил избран за прв министер за образование. Бил министер за финансии во Белград во Владата на ФНРЈ и директор на Сојузниот завод за стопанско планирање. Во 1965 година, Никола Минчев се враќа во Македонија каде ги извршува функциите: Претседател на Собранието на Р.Македонија и Претседател на Владата на Р.Македонија. Член е на Советот на федерацијата сé до неговото пензионирање. Како член на Советот на федерацијата волонтерски ја извршува функцијата директор на металуршкиот комбинат ФЕНИ во Кавадарци.
Почина во Скопје на 6 април 1997 година.

6 ноември 1921 г. 105 годиниод раѓањето на Глигор Гечевски – Ивче
Роден е во Кавадарци во 1921 година, потекнува од сиромашно земјоделско - занаетчиско семејство. Основно училиште завршил во Кавадарци. Четири класа гимназиско образование учи во Велико Градиште и Крагуевац. Во јули 1940 година примен е во СКОЈ, заедно со Киро Крстев, Диме Поп Атанасов и Пешо Кимов. Со нив раководи Мито Хаџи-Василев. Во август 1940 година со една група младинци ги испишале ѕидовите во Кавадарци со пароли против војната, против скапотијата, Хитлер и кралот Петар и.т.н. Со почетокот на Втората светска војна, Глигор Гечевски ги прекинал студиите на Техничкиот факултет во Белград и се вратил во Кавадарци, каде се вработува во монополот и се вклучил во движењето на отпорот, како и во организирањето на штрајк поради ниските плати и долгото работно време. Станал член на КП во април 1941 година. Истата година на 5 јули е уапсен од бугарските власти и осуден на две години затвор, поради агитација по селата. Во Кавадарци се вратил во јануари 1943 година и се вклучил во работата на револуционерната организација, во време кога се вршат подготовки за исфрлање на партизански одред. Во мај 1943 година Ивче е еден од првите борци на тиквешкиот партизански одред “Добри Даскалов“, кога е избран за политички делегат на десетина, а од почетокот на јуни заменик комесар на прва чета во одредот. Подоцна е избран за работа во позадина во СК КПМ за Тиквешијата. По војната работи во државната безбедност, а извесен период работи во Белград во сојузната државна безбедност. Ивче беше и долгогодишен директор на АК „Тиквеш“ од Кавадарци. Во 1982 година го организирал и Симпозиумот Тиквешијата во НОВ 1941 – 1945 година. Објавил и голем број на трудови и статии, а во 1998

година ја објавил својата прва книга за Тиквешкиот партизански одред "Добри Даскалов".

Починa во Скопје во мај 2000 година.

7 ноември 1944 г. 82 години од загинувањето наДешка Тошева,првоборец од село Бегниште

Родена е на 4 август 1925 година. Произлегува од сиромашна селска фамилија. Во 1942 г. во нивната куќа престојуваат илегалци од Велешкиот партизански одред. Станала член на СКОЈ во 1943 година, пренесува илегален партиски материјал и одржува непрекидна врска со илегалните функционери. Во април 1944 година е борец во Втората македонска бригада. Со својата бригада учествува во повеќе борби и се истакнува како добар борец. Поставена е за политички комесар на чета. Во борбените акции настојуваше да го одржува борбениот морал кај борците. Загинала во борбата со Германците кај с.Садик – Овче Поле на 7 ноември 1944 година. После убиството, Германците го масакрираат нејзиното тело.

8 ноември 1914 г. 112години од раѓањето наДиме Туриманџовски - Горски

Роден е во Кавадарци на 8 ноември 1914 година. Потекнува од сиромашно семејство. Основно образование завршил во Кавадарци, а гимназија во Крагуевац каде завршил 5 и 6 клас, а во Неготин Краина 7 клас, за 8 клас и матура учи повторно во Крагуевац. Се запишува на Воената академија во Белград во учебната 1932/33 година. По завршување на истата се стекнува со чин потпоручник и испратен на работа во Битола. Во јануари 1941 година Диме е преместен на работа во Штип, каде и го затекнува почетокот на Втората светска војна. Станува член на КП. На 2 август 1943 година илегално доаѓа во Кавадарци, се поврзува со партиската организација и се вклучува во партизанскиот одред „Добри Даскалов". Во одредот го добива партизанското име Горски. Назначен е за Командант на баталјонот "Страшо Пинџур", формиран на 24 септември 1943 година. На 20 декември 1943 година беше формирана Втора македонска ударна бригада, Горски е назначен за командант на бригадата. На 2 август 1944 година како делегат од Кавадарци присуствува на Првото заседание на АСНОМ. Загина во авионска несреќа во близина на Краљево на 11 октомври 1945 година.

8 ноември 1971 г. 55години од формирањето на Атлетскиот клуб „Тиквеш"

Во 1971 година група на ентузијасти меѓу кои Горчо Илиев, Симо Младеновски, Коста Марковски и др. на 8 ноември го одржале основачкото собрание на АК "Тиквеш". За претседател на клубот е избран Симе Младеновски, а за тренер Горчо Илиев. Прва активност

на овој спортски клуб од Кавадарци била уличната трка на која учество зедоа младинци од Кавадарци и Неготино, како и војниците од Криволак. Клубот под раководство на тренерот Горчо Илиев успешно работи две години, а потоа на негово место доаѓа Драги Димитров. Активноста на клубот продолжила уште околу 8 месеци. По иницијатива на наставниците Андон Стоев и Горчо Илиев клубот повторно започнал со активност во јануари 1977 година. За тренери се назначени Андон Стоев и Горчо Илиев, а за претседател Киро Мајсторчев, секретар Коста Марковски, а благајник Данчо Шемов. Клубот и атлетичарите имале големи успеси. Многу атлетичари биле државни рекордери во своите дисциплини, а некои прогласени за спортисти на годината во Кавадарци. Познати атлетичари од овој клуб биле: Лилјана Златева на 1000 и 3000 метри, Ратка Ѓорѓиева рекордерка на Македонија на 60, 100 и 200 метри, Горица Тасева рекордерка во фрлање на диск, Томе Филков рекордер на 1500 метри, Сашо Калеов рекордер во скок во височина, а Гоце Максимовски рекордер во пионерска конкуренција во скок во височина. Атлетскиот клуб "Тиквеш" во 1979 и 1982 година е прогласен за најуспешен спортски клуб. АК "Тиквеш" во 1985 година е севкупен победник на Републичкиот крос.

13 ноември 1882 г.144години од раѓањето на тиквешкиот околиски војвода Добри Захарија Даскалов

Роден е во Кавадарци во 1882 година, се образувал во Кавадарци, Солун и Самоков. Во 1902 година станал секретар во четата на војводата Јане Сандански, а од 1904 година е тиквешки околиски војвода. Со својата чета води значајни борби против турските военополициски сили, но и против српските и бугарските пропагандистички чети. Најзначајни борби води кај месноста „Трника", кај с.Мрежичко 1905 г., кај с. Ресава 1905 г., месноста „Омот" 1907 г. кај Бохула и др. Загинал на 20 јуни 1912 година.

15 ноември 111 години од раѓањето на Мирче Ацев

По повод раѓањето на Мирче Ацев секоја година се полага свежо цвеќе на споменикот на непобедените во Општина Прилеп.

28 ноември 1911 г. 115 години од раѓањето на Славчо Темков

Роден е во Кавадарци на 28 ноември 1911 година. Еден е од основоположниците на културното и спортско живеење во градот помеѓу двете светски војни. Како ученик во 4 клас гимназија во Кавадарци во кафеаната „Балкан" по негова иницијатива е изведена пиесата „Коњо и Невенка", која доживеала голем успех. Во 1928 година по иницијатива на Славчо Темков, Д. Димовски, Д. Галапчев, Т. Кимов и др. е формирано културно – уметничкото и спортско

друштво „Братство“, во чиишто рамки бил формиран и првиот фудбалски клуб „Братство“ во Кавадарци. Од 1929 година па сé до почетокот на Втората светска војна Славчо Темков во аматерскиот театар работи како режисер, сценограф и костимограф. Значаен културен настан во Кавадарци била преставата „Слугата Јернеј и неговото право“ во која покрај Темков, настапиле и Д. Ангелов – Габерот и Милан Даскалов во главните улоги.
Славчо Темков е активен член на Соколското друштво од градот, кое постигнало значајни резултати помеѓу двете светски војни. Во 1944 година се вклучува во редовите на НО војска во Првата македонска дивизија, сé до 15 јануари кога се враќа во Кавадарци. Раководи со театарот во кого настапуваат талентирани артисти како: Илија Каровски, Александар Грков, Лена Миткова и др. Преставата „Изборите некогаш и денес“ ја напишал Славчо Темков. По војната работи како референт за народно општествување и описменување во градот и селата во кавадаречко. Починa во Скопје на 1 мај 1995 година.

Декември

7 декември 1874г. 152 години од раѓањето на Иванче Минчев, еден од првите посветни членови на македонската револуционерна организација и еден од четворицата основоположници на првиот комитет на ТМРО во Кавадарци на 15 јули 1894 година по иницијатива на Даме Груев. Роден е во кавадарци во 1874 година во трговско семејство. Се школувал во Кавадарци и Солун каде завршил Егзархијска машка гимназија а потоа работи како учител во Кавадарци и Ваташа. По Балканските војни е принуден да емигрира во Бугарија. Починал во софина на 30.10.1960 година.

20 декември 1943 г. 83години од формирањето наВтора македонска ударнабригада
Со одлука на ГШ на НОВ и ПО на Македонија во Фуштани (Ег. Македонија) од баталјоните „Страшо Пинџур“, Вториот баталјон на третата оперативна зона и еден бугарски одред е формирана Втората македонска ударна бригада. Формиран е и штаб на бригадата. За командант е назначен Диме Туриманџовски – Горски, зам. командант Лазар Калајџиски – Добри, политички комесар Трифун Трифунов – Балкански и зам. политички комесар Мито Хаџи Василев – Јасмин. Бригадата води повеќе од 200 успешни борби, за што е одликувана со Орден заслуги за народ со златна ѕвезда и Орден братство и единство со златна ѕвезда.

21 декември 1922г. 104 години од раѓањето на Мито Хаџи Василев – Јасмин

Роден на 21 декември 1922 година во Кавадарци, каде завршил основно училиште и нижа гимназија, а потоа школувањето го продолжил во Битола. Мито Хаџи Василев е македонски комунист, политичар и новинар. Студирал на правниот факултет во Белград. Во 1940 година примен е во членство во КПЈ и бил член на МК на КПЈ, секретар на СКОЈ во Кавадарци, член на Вториот областен комитет на КПМ, заменик политички комесар на Трета оперативна зона и на Втората бригада и член на Обласниот комитет на НОО во Битола. По ослобудувањето, од крајот на 1945 година до 1 јануари 1948 г. е главен и одговорен уредник на весникот „ Нова Македонија“. Во 1962 година повторно е именуван за главен уредник на весникот „Нова Македонија“. Избран е и за прв претседател на Здружението на новинарите на Македонија. Јасмин, член е на највисоките партиски и државни органи на републиката. На Првиот конгрес на КПМ е избран за кандидат, а потоа и член на ЦК КПМ. На Вториот и Третиот конгрес на КПМ повторно е избран во највисокото партиско раковоство, ана на Седмиот конгрес на СКЈ за член на Централниот комитет. Од 1957 година, претседател е на Идеолшката комисија на ЦК СКМ, а од 1964 до 1967 г. член е на ИК на ЦК СКМ и секретар на ЦК СКМ за идеолошкиот сектор. Мито Хаџи Василев е член на Претседателство и Претседател на Собранието на Македонија со едногодишен мандат од 12 мај 1967 година. Учествува во издавањето на речеси сите централни весници во Македонија во 1944 година. Неговата публицистичка и теоретска дејност е собрана и објавена во неколку томови. Автор е на повеќе книги и брошури од областа на македонската национална историја од кои : „ ВМРО Обидинета “ , „ Јане Сандански“, и „ За великобугарскиот шовинизам“. Од областа на општесвените науки:„ Свртени кон човекот“ , „ СКЈ и непосредната демократија“ и др. Во негова чест од 1969 година во Македонија се доделува државната награда „ Мито Хаџи Василев – Јасмин “, со која се оддава признание за остварање во областа на публицистиката и новинарството. Ненадејно почина во Брела (Макарска – Хрватска) на 1 август 1968 година на 46 годишна возраст.

26 декември 1943 г. 83 години од убиството наБлагој Крстиќ – Јошко, борец од Кавадарци

Роден е во Франција во 1915 година. Потекнува од средно имотно чиновничко семејство. Завршува основно образование, а потоа се вработува како монополски работник. Во 1941 година станал член на КП за Кавадарци. Во јуни 1941 година Благој Крстиќ е назначен за член на МК на КП. Во МК има ресор да работи со работниците и занаетчиите. Истата година од страна на Воениот комитет е определен во групата со Перо Угуров и Пано Чејков да извршат минирање на железничкиот мост на реката Црна кај Стоби. Во септември 1941 година Јошко како член на МК на КП за Кавадарци е

еден од организаторите за формирање на партизански одред. На 28 септември во месноста „Раштани“, заедно со дваесетина активисти од Кавадарци и Ваташа е положена заклетва и формиран партизански одред. Во почетокот на 1943 година, Крстиќ повторно е член на новиот состав на МК. Во мај 1943 г., е еден од првите борци на тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов“. Благој Крстиќ – Јошко, како постар борец и партиски раководител, придонел за одржување на високиот морал кај помладите борци. Член е на баталјонот „Страшо Пинџур“, а на 20 декември 1943 година присуствува и на формирањето на Втората македонска бригада во с.Фуштани – Ег.Македонија. Во бригадата е назначен за заменик на политички комесар на трета чета на Вториот баталјон. Благој Крстиќ загина на 26 декември 1943 година во борбите што неговата единица ги водеше со фашистичкиот окупатор кај с.Коњско (Гевгелија).

28 декември 1943 г. 83 години од убиството наЃиро Спанџов – Брко, борец од Кавадарци.

Во село Бегниште на 23.07.1915 година е роден Ѓиро Спанџов. Потекнува од сиромашно семејство, па веднаш по завршувањето на основното училиште се вработил како чирак изучувајќи го берберскиот занает. Мошне млад се вклучил во напредното младинско движење. Во јуни 1940 г. на предлог на Страшо Пинџур, заедно со Мито Хаџи Василев, Перо Угуров и Ристо Џунов се примени за членови на КПЈ и го формираат МК на КП за Кавадарци. Во летото 1941г. Ѓиро е избран за член на Воениот комитет со задача да организира собирање на оружје, муниција и воен материјал, а заедно со Димката Ангелов Габерот организира курсеви за ракување со оружје со младинците од градот. На 28 септември 1941г. во месноста „Раштани” со околу 25 младинци од Кавадарци и Ваташа присуствуваат на формирањето на првиот партизански одред од Тиквешијата. Во март 1942 г. со големата провала во Кавадарци покрај другите бил уапсен и Ѓиро Спанџов и бил интерниран во Бугарија во работен логор за време од 6 месеци. По враќањето во Кавадарци е меѓу првите борци на тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов“ и бил избран за политички делегат на втората десетина. На 24 септември 1943г. присуствува на формирањето на баталјонот „Страшо Пинџур”. Со својата единица учествува во борбите против фашистичкиот окупатор кај подучастокот „Лукар” и рудникот „Дудуца”. На 30 октомври 1943 г. е формиран Вториот баталјон на Третата оперативна зона, а Ѓиро е избран за заменик политички комесар на оваа партизанска единица. Од 20 декември 1943 г. неговиот баталјон е составен дел од Втората македонска ударна бригада. Во една борба кај с.Конско, Ѓиро бил тешко ранет.

Бил заробен од германците, жестоко мачен и убиен на 28 декември 1943 г.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот (8) ден од денот на на објавувањето на ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр.08-5977/17 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Заклучок за усвојување на
Наративен и Финансиски Извештај за реализацијата на Програмата Традиционален Фестивал „Гроздобер 2025„

1.СЕ ОБЈАВУВА, Заклучок за усвојување на Наративен и Финансиски Извештај за реализацијата на Програмата Традиционален Фестивал „Гроздобер 2025”, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/18 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Наративен и финансиски Извештај за реализација на Програмата „Тиквешки Гроздобер 2025 “ со арх.бр.08-3655/10 од 01.12.2025 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје,

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. **СЕ УСВОЈУВА** Наративниот и финансиски Извештај за реализација на Програмата „Тиквешки Гроздобер 2025 " со арх.бр.08-3655/10 од 01.12.2025 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје,

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Кавадарци .

Бр.08-5977/18 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Заклучок за усвојување на Програма за празнување и дочек на Новата година „Среќна Нова 2026-та"

1.**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програма за празнување и дочек на Новата година,„Среќна Нова 2026-та" донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/19 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Програма за празнување и дочек на Новата година „Среќна нова 2026-та“ со арх.бр.08-6071/2 од 02.12.2025 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје,

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. **СЕ УСВОЈУВА** Програма за празнување и дочек на Новата година „Среќна нова 2026-та“ со арх.бр.08-6071/2 од 02.12.2025 година, доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник“ на Општина Кавадарци .

Бр.08-5977/19 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2026 година

1.**СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2026 година ,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/20 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 22 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, ...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година, донесе,

ПРОГРАМА
за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2026 година

Комуникацијата со јавноста е приоритет во воспоставувањето на добри релации на Локалната Самоуправа со граѓаните и сите корисници на услугите на Општината. Од тука произлезе потребата за подготовка на оваа Програма за Комуникација со јавноста, која се базира на искуствата во работењето на Одделението за работа на Градоначалникот и односи со јавноста во општина Кавадарци во изминатите години.

1.Развојни цели и приоритети

-Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на Локалната самоуправа со целните групи: граѓаните на Општина Кавадарци како општа јавност и сите сегментирани јавности, медиумите, институциите, НВО-секторот како и сите други заинтересирани страни.

-Транспарентно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на Општината.

- Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација. За таа цел неопходни се следните активности кои ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината:

Проекти

1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку/со закон пропишани обврски (огласување и сл.)
2. Издавање на општинско јавно гласило „Кавадаречки Информатор“ и „Информатор за Територијална Против Пожарна Единица“
3. Проект „Го сакам Кавадарци“
4. Репрезентативни поклони за делегации

5. Изработка на: Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја
6. Летоци, брошури и отчет
7. Пригодна хартиена и картонска амбалажа
8. Обезбедување транспарентност на работата на општината преку телевизиски медиум
9. Промотивно видео на општина Кавадарци – Кавадарци, град на можности

2. Проектни активности

Транспарентно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на општината

<u>1.Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку/со закон пропишани обврски (огласување, јавен повик, соопштение и сл.) во државни печатени медиуми.</u>

Опис на активности:Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните медиуми (печат), согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл).

Стратешки насоки и цели:- Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите страни, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои одлуки, решенија, конкурси и услуги кои таа ги нуди.

-Некои закони предвидуваат огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот.

На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Општина Кавадарци, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните.

Очекувани резултати:-Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност.

Целна група:-Граѓаните на Општина Кавадарци, инвеститори, медиуми, ученици, пензионери, спортисти и останати корисници.

Предвидена финансиска рамка:

- 600.000 денари

Реализатор: Општина Кавадарци преку - Печатени медиуми избрани на тендер.

Трошоци:За огласување по сите основи

2. Издавање на општинско јавно гласило „Кавадаречки Информатор“ и „Информатор за Територијална Против Пожарна Единица“

Опис на активности: Општината во континуитет издава општинско информативно гласило-магазин „Кавадаречки Информатор“ кое бесплатно се доставува до граѓаните во единичен тираж од 300 примероци, во 12 броја годишно, како и Информатор за ТППЕ во единичен тираж од 200 примероци, во 1 број годишно.

Стратешки насоки и цели:- Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.

- Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Општината да постигнеме и информираност на граѓаните (посебно младата популација преку достигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата).

- Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината.

- Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Територијалната Против Пожарна единица.

Очекувани резултати: -Позитивен пристап кај сите целни публики.

- Поголема транспарентност за работата.

- Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот позитивен лик.

- Информираност, отчетност и транспарентност за работењето.

Целна група: Сите граѓани

Предвидена финансиска рамка: 400.000 денари

Реализатор: компанија избрана на тендер

Трошоци: Печатење на „Кавадаречки Информатор“

3. Проект „Го сакам Кавадарци“

Опис на активности: Општина Кавадарци во континуитет издава книга „Го сакам Кавадарци“, заедно со приврзок, брендирана чаша, брендирано ќесе, наменета за секој кавадарчанец кој ќе наполни 18 години.

Стратешки насоки и цели: Целта е преку содржината на книгата поблиску да се осознае својот град, неговата традиција и култура.

Очекувани резултати: Поголема информираност за својот град, својата традиција и култура.

Целна група: Секој кавадарчанец кој ќе наполни 18 години.

Предвидена финансиска рамка: 450.000 денари
Реализатор: Општина Кавадарци преку - компанија избрана на тендер.
Трошоци: Печатење на книга, привезоци, чаши и ќесиња.

4. Репрезентативни поклони за делегации
Опис на активности: Општината во делот на протоколот има потреба од репрезентативни поклони за претставување пред гости и пријатели, дома и во странство.
Стратешки насоки и цели: Преку брендирани производ со ознаките и обележјата на општината се надополнува протоколарното претставување.
Очекувани резултати: Репрезентативно претставување пред гости
Целна група: Гости, деловни партнери, соработници на општина Кавадарци
Предвидена финансиска рамка: 250.000 денари
Реализатор: Компанија избрана на тендер
Трошоци: Репрезентативни подароци

5. Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја
Опис на активности: Општината има обврска да одбележува значајни датуми и настани од својата историја. Општината е должна да ја негува традицијата и културата во правец на зачувување и афирмација на трајните вредности.
Стратешки насоки и цели: Општината да оддава признание на свои заслужни и истакнати граѓани, поединци и групи, кои постигнале резултати во одредени стопански и општествени области.
- Преку негување и чување на својата историја, традиција и култура, општината го јакне позитивниот имиџ за своето работење.
- Скромно се оддолжува кон членови од заедницата, како поттик за натамошни постигнувања и успеси во унапредувањето и развојот на локалната заедница.
Очекувани резултати: Подобрена слика во јавноста, како и подобрена медиумска перцепција за Општината, која знае да ги почитува нејзиниот потенцијал, традиција, култура и ресурси.
Целна група: Поединци кои со својата работа, залагање и активности постигнуваат значајни резултати во афирмација на Општината и граѓаните на Кавадарци.
Предвидена финансиска рамка: 100.000 денари
Реализатор: Компанија избрана на тендер
Трошоци: Изработка на Плакети, признанија, сувенири и друг вид на обележја.

6. Летоци, брошури, отчет и туристичкин информатор

Опис на активности: Општината има обврска да ги информира граѓаните за трошењето на нивните пари од Буџетот.
Стратешки насоки и цели: Да се издаде публикација во која на соодветен начин со текст, бројки и фотографии, ќе се презентираат резултатите од работењето на општината во буџетската година.
Да се издаде брошура во која ќе биде опишан туристичкиот потенцијал кој го нуди општината и места кои може да се посетат (излетнички места, музеи, угостителски објекти, културни институции, настани и слично).
Очекувани резултати: Зголемена транспарентност во запознавањето на граѓаните за тоа како и каде се трошени нивните пари.
Целна група: Граѓаните на општина Кавадарци.
Предвидена финансиска рамка: 300.000 денари
Реализатор: Компанија избрана на тендер
Трошоци: Летоци, брошури, отчет и туристички

7.Пригодна хартиена и картонска амбалажа
Опис на активности: Општината во делот на протоколот има потреба од пригодна хартиена и картонска амбалажа за претставување пред гости и пријатели, дома и во странство.
Стратешки насоки и цели: Преку брендиран производ со ознаките и обележјата на општината се надополнува протоколарното претставување.
Очекувани резултати: Да се подари во културно спакувана амбалажа
Целна група: Гости, деловни партнери, соработници на општина Кавадарци
Предвидена финансиска рамка: 45.000 денари
Реализатор: Компанија избрана на тендер
Трошоци: Пригодна хартиена и картонска амбалажа

8. Обезбедување транспарентност на работата на општината преку телевизиски и радио медиум
Опис на активности: Пренос и снимање на седница на совет на општината, изработка и емитување на кампањски спот за подигнување на јавната свест за надлежностите на општината, емитување на огласи/известувања, снимање, монтажа и емитување во програма на видео прилог од настан организиран од општината
Стратешки насоки и цели: Транспарентност како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со јавноста
Очекувани резултати: Поголема и благовремена информираност на јавноста за нејзините надлежности, нејзиното работење, како и нејзината отчетност
Целна група: Граѓаните на општина Кавадарци и останати корисници
Предвидена финансиска рамка: 500 000 денари

Реализатор: Општина Кавадарци преку склучен договор за медиумски услуги
Трошоци: Снимања, монтажа, емитувања на видео прилози, емитувања на огласи, настани, емисии

9. Промотивно видео на општина Кавадарци – Кавадарци, град на можности
Опис на активности: Изработка на видео материјал со време траење од 90 до 120 секунди. Видеото накратко ќе ги прикаже сите можности што ги нуди Општина Кавадарци, од најмалите до највозрасните категории на граѓани. Ќе бидат опфатени одличните услови во детските градинки, немањето на листа на чекање за прием на дечиња, континуираното подобрување на условите во основното и средното образование, бесплатен превоз за ученици, бесплатен оброк за ученици, можноста за отварање на сопствен бизнис по завршување на некое од средните стручни училишта, бесплатен превоз за пензионерите, изградбата на дом за стари лица, туристичките потенцијали и слично.
Со квалитетни снимени материјали, и детално сценарио, ќе се прикаже Кавадарци како отворен град, град на можности, град во кој младите остануваат, возрасните живеат квалитетно, а бизнис климата е одлична за работа.
Стратешки насоки и цели: Промовирање на можностите кои ги нуди општина Кавадарци
Очекувани резултати: Задржување и привлекување на младите да останат во општината
Целна група: Граѓаните на општина Кавадарци и останати корисници
Предвидена финансиска рамка: 150 000 денари
Реализатор: Општина Кавадарци
Трошоци: Снимања, монтажа, емитување

Вкупно предвидена финансиска рамка со ДДВ: 2.795.000 денари

3. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.795.000 денари е предвидено со Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци.
4. Завршни одредби

Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма.

Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Градоначалникот и останатите сектори.

Оваа Програма влегува на сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5977/20 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
04.12.2025 година **Претседател,**
К а в а д а р ц и **д- р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05.....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на
Програма за волонтери во
Општина Кавадарци за 2026 година

1.СЕ ОБЈАВУВА, Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2026 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09 –6120/21 **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
05.12.2025 година **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кавадарци **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1, точка 1 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија” бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 103/21 и 132/25) , член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр. 8/05...75/21),

